Учениците со посебни образовни потреби ќе се идетификуваат, а нивниот напредок ќе се следи континуирано и систематски од страна на одделенските наставници, одделенските раководители, предметните наставници и стручните соработници. Ќе се води и применува ученичко досие кое содржи податоци за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците преку изготвени индикатори. Училиштето има изготвено процедура за следење и изработка на индивидуален образовен план за учениците со посебни образовни потреби .

Инклузивниот тим во училиштето за учебната 2019/20 година, изготви Програма за работа со деца со посебни потреби –дадена во **Прилог бр. 20**

## 7.7. Употреба на ИКТ во наставата

Современата настава им овозможува на учениците пристап до најновите информации, податоци и им овозможува самостојно или групно истражување на интернет со цел добиените информации да им останат како трајни знаења. Информатичко компјутерската технологија во голем процент е застапена во наставата, секој наставник во своите планирања има предвидено значаен процент на часовите со употреба на ИКТ во некој дел од часот.

**Табеларен преглед на планирани часови со имплементација на ИКТ**

| **Планирани часови за одделенска настава со примена на ИКТ** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставни предмети **Задолжителни предмети** | I | | II | | III | | IV | | V | |
| | Г | ИКТ | Г | ИКТ | Г | ИКТ | Г | ИКТ | Г | ИКТ |
| Македонски јазик | 216 | 65 | 216 | 65 | 216 | 65 | 180 | 54 | 180 | 54 |
| Математика | 180 | 54 | 180 | 54 | 180 | 54 | 180 | 54 | 180 | 54 |
| Англиски јазик | 72 | 22 | 72 | 22 | 108 | 33 | 108 | 33 | 108 | 33 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ликовно образование | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 |
| Музичко образование | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 |
| Природни науки | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 |
| Техничко образование | / | / | / | / | / | / | 36 | 11 | 72 | 23 |
| Општество | 36 | 11 | 36 | 11 | 36 | 11 | 72 | 23 | 72 | 23 |
| Работа со компјутери | / | / | / | / | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 |

| **Планирани часови за предметна настава со примена на ИКТ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставни предмети | VI | | VII | | VIII | | IX | |
| **Задолжителни предмети** | Г | ИКТ | Г | ИКТ | Г | ИКТ | Г | ИКТ |
| Македонски јазик | 144 | 43 | 144 | 43 | 144 | 43 | 144 | 43 |
| Англиски јазик | 108 | 33 | 108 | 33 | 108 | 33 | 108 | 33 |
| Германски јазик | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 |
| Математика | 180 | 54 | 144 | 43 | 144 | 43 | 144 | 43 |
| Историја | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 |
| Географија | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 |
| Граѓанско образование | / | / | / | / | 36 | 11 | 36 | 11 |
| Етика | / | / | 36 | 11 | / | / | / | / |
| Биологија | / | / | 72 | 22 | 72 | 22 | 72 | 22 |
| Физика | / | / | / | / | 72 | 22 | 72 | 22 |
| Хемија | / | / | / | / | 72 | 22 | 72 | 22 |
| Техничко образование | 36 | 11 | / | / | / | / | / | / |
| Информатика | 72 | 22 | 36 | 11 | / | / | / | / |
| Иновации | / | / | / | / | / | / | 36 | 11 |
| Ликовно образование | 36 | 11 | 36 | 11 | 36 | 11 | 36 | 11 |
| Музичко образование | 36 | 11 | 36 | 11 | 36 | 11 | 36 | 11 |
| Физичко и здр. образование | 108 | 33 | 108 | 33 | 108 | 33 | 108 | 33 |
| Природни науки | 72 | 22 | / | / | / | / | / | / |

## 8. ОЦЕНУВАЊЕ

Оценувањето на учениците се реализира според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Согласно концепцијата за девет годишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделениеќе се оценуваат со описно. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тромесечие добиваат описни оценки а на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.

Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

Секој наставник ќе води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во пофесионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

### 8.1. Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето

Во училиштето работи тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Тимот е составен од директор, психолог и педагог во училиштето. Тимот изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на ученици.

### 8.2. Цели на оценувањето

1.Унапредување на оценувањето на учениците

2.Објективно и континуирано оценување на учениците со цел постигнување на повисоки резултати

Програмата за следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа за учебната 2019/20 година , дадено е во **Прилог бр.23**

## 8.3. Самоевалуација на училиштето

Врз основа на член 147, став 5 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 103/08). Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ„Кочо Рацин “, Скопје , на крајот од наставната 2017/18 година изврши самоевалуација на работата во училиштето . За поголема ефикасност во работењето, се формираа тимови по подрачја , кои имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Се спроведе анкета со ученици, наставници, родители и директорот. Добиените податоци беа обработени, анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.

**Самоевалуацијата ги опфати следните подрачја:**

1. Организација на наставата и учењето
2. Постигања на учениците
3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар
4. Управување и раководење
5. Комуникации и односи со јавноста
6. Училишна клима и култура
7. Соработка со родителите и локалната средина

Комисијата по спроведувањето на самоевалуацијата, изготви и достави извештај за извршената самоевалвација, со предлог мерки за подобрување работата на училиштето до Училишниот одбор, директорот и основачот на училиштето и истите треба да постапат по предлогот на мерките на комисијата

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Суштината на воннаставните активности се состои во проширување и продлабочување на знаењата, умеењата и навиките на учениците. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредени активности. Со овие активности се развива љубопитноста, истражувачкиот дух, дружењето со други одделенија и други училишта, меѓусебна соработка, солидарност и слично.

Во учебната 2019/20 година , ќе бидат организирани следните воннаставни активности:

- Училиштен спорт
- Слободни ученички активности
- Ученички натпревари
- Ученички екскурзии
- Општествено- хуманитарна работа

### 9.1. Училиштен спорт

Училиштето ги нуди следните училишните спортови: кошарка, фудбал, ракомет и одбојка. Одговорен наставник е Горан Ѓорѓиевски .

Во учебната 2019/2020 година, училиштето планира учество на општински натпревари и турнири во кошарка, фудбал, ракомет и одбојка , во организација на Општина Центар, Скопје, како и учество на натпревари организирани од други акредитирани спортски здруженија во Р.Македонија.

## 9.2.Слободни ученички активности

Во учебната 2019/20 година ќе работат следните секции:

| Ред. бр. | Назив на секцијата | Одговорен наставник |
|---|---|---|
| 1. | **Литературана секција** | Менка Трепалковска |
| 2. | **Драмско рецитаторска секција** | Славица Мирчевска |
| 3 | **Математичка секција** | Весна Бојаџиева и Зорица Насевска |
| 4 | **Ликовна секција** | Снежана Шумковска |
| 5 | **Историска секција** | Маргарита И. Павлова |
| 6 | **Географска секција** | Марина Гроздановска |
| 7 | **Млади хемичари** | Јасмина Апостолова |
| 8 | **Млади физичари** | Катица М.Христовска |
| 9 | **Млади биолози** | Марта Јордановска |
| 10 | **Спортски активности** | Горан Ѓорѓиевски и Ирена Попова |
| 11 | **Англиски јазик** | Билјана Црвенова и Катерина Музелова |
| 12 | **Германски јазик** | Мирјана Стојменовска |
| 13 | **Хор** | Наташа Митрова |
| 14 | **Оркестар** | Наташа Митрова |
| 15 | **Еко клуб** | Бранка Димевска |

## 9.3.Ученички натпревари

Натпреварите ќе се организираат со цел учениците да го развијат натпреварувачкиот дух, да се развие стремеж за постигнување повисоки вредности во културата, уметноста и спортот. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците и се воспоставува активен однос кон наставата, се прошируваат програмските основи, се продлабочуваат и се збогатуваат знаењата. Учениците за натпревар ќе се подготвуваат на додатна настава и на слободните ученички активности. Наставниците ќе им даваат помош на учениците при изборот на

литература и проверка на нивните знаења. За избор на ученици за натпревар треба да се изведат натпревари му поединци во рамките на одделението или меѓу екипи на ниво на одделенија. Избраните ученици одат на повисоките натпревари.

Програмата за ученички натпревари, дадена е во **Прилог бр. 13**

## 9.4.Ученички екскурзии

Друг сегмент преку кој учениците се запознаваат со предметите и појавите во нивната природна средина и во нивните животни услови, ги проширувaат своите знаења, добиваат сознанија за одделни подрачија од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и културни- историските знаменитости на поблиската и поширока заедница се екскурзиите. Ученичките екскурзии се реализираат надвор од училиштето и преку нив се остваруваат две битни функции, и тоа: воспитно- образовната и рекреативната. Наставните екскурзии ќе се изведуваат во рамките на наставните денови.

Годишната програма за екскурзии ја подготвуваат наставниците, по добиените мислења и предлози од стручните активи, а врз основа на Правилникот за планирање, организација и реализација на ученичките екскурзии.

**ГЛОБАЛЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИИ**

| Ред Бр. | Вид на екскурзија | Маршрута | Одделение | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Еднодневен есенски излет | Скопје-Дељадровце -Скопје | I-IX | Есен 2019 |
| 2. | Екскурзија во траење од три дена | Скопје -Стоби, Кавадарци – Прилеп-Битола-Охрид-Вевчани-Струга-Скопје | IX | Есен 2019 |
| 3. | Екскурзија во траење од два дена | Скопје-Стоби(Кавадарци) - Струмица-Скопје | VI | Есен 2019 |
| 4. | Екскурзија во траење од еден ден | Скопје-Маврово -Скопје | III | Пролет 2020 |
| 5. | Настава во природа | Скопје-Охрид-Скопје | V | Пролет 2020 |
| 6. | Зимување | Скопје-Крушево-Скопје | VI – IX | Зима 2020 |
| 7. | Еднодневен пролетен излет | Скопје-Водно-Скопје | I-IX | Пролет 2020 |
| 8. | Летување | Скопје-Охрид-Скопје | VI-IX | Лето 2020 |

## 9.5. Општествено хуманитарна работа

Овој вид воннаставна работа опфаќа:

- Акции за уредување на училничкиот простор и училшната зграда, со цел да се подобри естетскиот изглед и амбиент за работа,со цел да се создадат навики за одржување на хигиената, чување на имотот и развој на одговорноста
- Одржување на спортските терени и зеленилото во дворот
- Организирање на собирни акции на храна, стара хартија, и облека
- Акција за дарување на книги во други институции
- Помош на социјално загрозени и инвалидизирани лица
- Соработка со Црвениот крст на општина Центар и град Скопје

Програмата за Општествено-корисна и хуманитарна работа дадена е во **Прилог 14.**

## 10. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Споредбени податоци за постигнување на учениците од минатите три години на крајот од учебната година**

| Учебна година | Среден успех |
|---|---|
| 2016/ 2017 | 4,90 |
| 2017/ 2018 | 4,94 |
| 2019/ 2020 | 4,91 |

Во текот на изминатите 3 учебни години не се покажани значителни статистички значајни разлики во однос на успехот по предметите кај учениците.

## 11. ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

Училишниот Тим за превенција од насилство и стручните соработници во училиштето, изготви Програма за работа (дадена во делот Прилози) во која се планираат реализација на работилници и редовно одржување на состаноци на кои ќе се анализира состојбата на поведението на учениците во училиште и вон училиште. Во превентивните содржини се планираат сите одделенски раководители на

одделенските часови да реализираат работилници за превенција од насилство, превенција од зависности – дрога, алкохол, пушење, превенција од ХИВ и СИДА и превенција од заразни болести.

Одделенските раководители ќе разговараат на оваа тема со учениците и нивните родители.

ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ, дадена е во **Прилог бр. 21**

## 12. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во однос на безбедноста , во училиштето има изготвено:

- ✓ Правилник за заштита од пожари, како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.
- ✓ План за заштита и спасување, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.
- ✓ План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди
- ✓ Куќен ред, со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, администартивниот и раководниот кадар, помошните работници
- ✓ Изготвен Кодекс на однесување за наставниците и стручните соработници, за учениците, за родителите
- ✓ Истакнат рапоредот на дежурства на наставниците на видно место . Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на одморите меѓу часовите, кои ќе се води грижа за безбедноста на учениците.

Активностите за заштита и безбедност на учениците се координирани со институциите во локалната заедница преку предавања од Министрството за внатрешни работи, Полициска станица, Општина Центар, потоа Центарот за социјални грижи.

Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди, дадена е во **Прилог бр. 11**

## 13. ПОЗИТИВНА СОЦИО – ЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА

Во учебната 2019/20година, во училиштето се планираат содржини за ранлива група на ученици за кои препорака ќе дава одделенскиот раководител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручните соработници, во соработка со родителите.

Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Се планираат и интерактивни работилници за родителите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стучната служба во училиштето.

- **Цели:**

- Да се обезбеди почитување на личноста- негување на слободата за изразување
- Да се оствари правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите
- Да се придонесе за еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите

Се планираат и интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа за поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на наведените содржини од програмите на стручната соработници на училиштето.

За учениците кои покажуваат негативни промени во однесувањето (несоодветно однесување, емоционални проблеми, нередовно посетување на настава, намалување на успехот) училишниот психолог ќе реализира индивидуални разговори и работилници, како и советувања со родителите и учениците. За реализација на овие работилници и други групни активности со учениците и нивните родители, ќе се изготват акциски планови и програми за работа, во зависност од видот на проблеми и потребите на учениците.

## 14. ПОДРШКА НА УЧЕНИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Училиштето им овозможува на учениците на организирано да ги остваруваат своите интереси преку одредени форми на ученичко организирање. Во активностите на нивните организации се вклучени наставници кои ги помагаат и подржуваат нивните програмски активности.

### 14.1. Заедница на учениците

Преку реализација на активностите на заедницата на ученици, сите ученици активно ќе бидат вклучени во планирање и реализација на работата на училиштето односно наставните и воннаставните активности. Во соработка со наставниците и родителите, учениците ќе се ангажираат во решавање на сите позначајни прашања во врска со наставата и унапредување на условите за престој и учење во училиштето..

Заедницата на ученици ќе функционира на ниво на зедница на ниво на училиште и ученички заедници на ниво на паралелка.

Заедницата во рамките на паралелката ќе соработува со одделенскиот раководител. Паралелката избира свое раководство кое че изготви програма за работа. На состаноците на ученичката заедница ќе се разгледуваат прашања и проблеми од ученичкото секојдневие, проблеми со наставата, ученици со потешкотии во совладување на материјалот, како да им се помогне во успехот, редовност и поведение на учениците и други актуелни проблеми. Ученичката заедница се вклучува во подготовка на квизови, натпревари и работилници и активности за организирано користење на слободното време.

ПРОГРАМА за работа на ученичката заедница, дадена е во **Прилог 15**

## 14.2. Детска организација

Детската организација ќе се грижи за создавање услови за сигурно и весело детство на нашите деца. Детската организација ќе се вклучува во сите активности кои се организираат во училиштето и надвор од него за одбележување важни историски датуми од нашата и од светската историја, ангажирање на учениците во слободното време, поттикнување на другарството, соработката и солидарноста.

Детската организација ги обединува сите ученици од прво до деветo одделение. Организацијата има свое раководство и во својата програма ги предвидува содржините кои се поврзани со правата и должностите на детето, односно соработката со Сојузот за грижи и воспитување на деца, организирање на спортски и културно – уметнички активности и манифестации. Работата на детската организација ќе ја реализираат наставници кои ги определил наставничкиот совет.

**ПРОГРАМА за Детската организација**

| Реден број | Програмска содржина | Носител на активноста | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на Програма за работа на ДО | Одговорни наставници и ученици | VIII |
| 2 | Избор на раководство на ДО | Одговорни наставници и ученици | IX |
| 3 | Одбележување на првиот училишен ден,прифаќање на првачињата-свечена приредба | Одговорни наставници и ученици | IX |
| 4 | Одбележување на 8 ми Септември-Денот на независноста на Р.Македонија | Одговорни наставници и ученици | IX |
| 5 | Одбележување на Меѓународниот ден на мирот | Одговорни наставници и ученици | IX |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Учество на конкурси по повод 13 Ноември | Одговорни наставници и ученици | IX |
| 7 | Акции за уредување на училишниот двор и околината | Одговорни наставници и ученици | X |
| 8 | Одбележување на детската недела | Одговорни наставници и ученици | X |
| 9 | Прием на првачињата во ПЦК<br>Одбележување на Денот на ООН -24 Октомври | Одговорни наставници и ученици | X |
| 10 | Одбележување на Меѓународниот ден на штедењето 31 октомври | Одговорни наставници и ученици | X |
| 11 | Одбележување на Патронатот на училиштето- 19-ти Декември Свечена приредба,ликовно и литературно творење,спортски натпревари, и уредување на училниците | Одговорни наставници и ученици | XII |
| 12 | Одбележување на 17 март- Ден на крводарителството | Одговорни наставници и ученици | III |
| 13 | Уредување на училишниот двор и непосредната околина и Одбележување на Денот на пролетта-Денот на екологијата-21 Март | Одговорни наставници и ученици | III |
| 14 | Одбележување на Денот на шегата и смеата-1 ви Април | Одговорни наставници и ученици | IV |
| 15 | Одбележување на Денот на здравјето - 7 ми Април | Одговорни наставници и ученици | IV |
| 16 | Акции за заштита на животната средина,<br>Собирни и солидарни акции | Одговорни наставници и ученици | IV |
| 17 | Организирање на училишни,општински и градски натпревари по одредени наставни предмети | Одговорни наставници и ученици | II- VI |
| 18 | Одбележување на 24 Мај-Денот на словенските просветители Кирил и Методиј | Одговорни наставници и ученици | V |

## 14. 3. Подмладок на Црвен Крст

Во ПЦК членуваат сите ученици од I до IX одделение од училиштето. Едно од основните начела во работата на оваа организација е развивање на солидарноста, помагање на сите луѓе без разлика на расната, верската и етничката припадност. Одговорен наставник е Марта Јордановска.

| Планирани активности | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| -Избор на одделенски одбори од членови на ПКЦ<br>-Учество во организирање исхрана на учениците со ужинка и избор на храната<br>-Грижа за хигиената на училниците, ходниците во училиштето и хигиената на училишниот двор | 09<br>2019 | Одделенски раководители | Дискусија | Мотивирање на учениците за успешна реализација на програмските активности |
| -Свечен прием на првачињата во организацијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина<br>-Годишно собрание и избор на ново раководство на училишниот ПЦК<br>-Акција за собирање храна и одбележување на Меѓународниот ден на гладните | 10<br>2019 | Одделенски наставници<br>Одделенски раководители | Групна работа | Поттикнување на интерес кај учениците<br>за членство во организацијата.<br>Информирање за значење на органиацијa на<br>Црвениот Крст |
| -Предавање на тема: Заразни болести добиени од нехигиена на рацете од стручно лице | 2019/2020 | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Класни раководители | Предавање и групна работа | Превенција од заразни болести |
| -Активности за одбележување на месецот за борба против болестите на зависност: пушење, алкохол, дрога | 11-12.<br>2019 | Одделенски раководители<br>Психолог | Предавање и групна работа | Превенција од болести на зависност: пушење, алкохол, дрога |
| - Недела на грижа за стари и изнемоштени лица | 11.2019 | Активисти на | Фронтална | Развивање на хуманост и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - посета на дом за<br>-стари лица | | подмла-<br>докот на ЦК<br>Психолог<br>Одговорни наставници | | Почит кон старите лица |
| -Одбележување на 17 Март Светскиот ден на крводарителите | 03<br>2020 | Одделенски раководители | Предавање и групна работа | Едукативни придобивки |
| -Одбележување на 7-ми април-Светскиот ден на здравјето<br>-Хуманитарни собирни акции: Од децата за децата<br>-Организација на пролетен крос<br>-Предавање од стручно лице за ученици и родители | 04<br>2020 | Активисти на подмла-<br>докот на ЦК<br>Одделенски наставници<br>Класни раководители | Предавање и групна работа | Стекнување на знаења за основањето на ЦК и Црвената полумесечина и нивната улога во светот |
| -Одбележување 8 Мај - Меѓународен ден на Црвениот Крст и Црвената полумесечина | 05<br>2020 | Активисти од ЦК на<br>град Скопје | Предавање и групна работа | Едукација на учениците и погигање на јавната свест |

## 15. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Целта на активностите од ова подрачје е да се оспособуваат учениците за заштита и унапредување на здравјето,преку развивање на свесноста за значењето на психофизичкото здравје на човекот и зголемување на личната и колективна одговорност.

**Програмски содржини:**

- одржување на хигиената во училиштето
- редовни систематски прегледи и вакцинации; стоматолошки прегледи;
- организирана исхрана на учениците

- реализација на едукативни предавања од областа на здравственото воспитување;

Конкретните содржини ќе се реализираат низ редовната настава, часот на одделенскиот раководител и слободните активности, како и во соработка со Детската поликлиника Бит-пазар, со Центарот за говор и слух, со Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, со Заводот за ментално здравје на деца и младинци.

## 15.1. Хигиена во училиштето

Училиштето и оваа учебна година ќе води грижа за хигиената во училишниот објект . Во текот на годината, во училиштето ќе се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Завод за здравствена заштита Скопје. По потреба, во случај на епидемија, постапките можат и да се повторат.

Ходниците, тоалетите, училниците, ќе се чистат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена и ќе се дезинфицираат. Средствата за одржување на хигиената се чуваат и потреба се доделуваат од страна на домакинот на училиштето. Ходниците се чистат редовно во текот на денот. Подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот. Генерално чистење ќе се изведува за време на зимскиот распуст и за време на летниот одмор.

Во текот на годината – континуирано, за време на училишните акции – *Ден на екологијата, Ден на планетата Земја,* учениците и вработените ќе се организираат за чистење на училиштето и дворната површина околу него. Дворното место – зелената површина во училишниот двор ќе се одржуваат секојдневно од страна на техничкиот персонал, учениците и наставниците.

## 15.2. Систематски прегледи

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците ќе се реализира и преку навремено примање на задолжителни вакцини согласно календарот за имунизација и вакцинација кај одредени одделенија, како и преку редовни систематски прегледи и тоа:

- **Примање на задолжителни вакцини:**

| Задолжителни вакцини | Одделенија | Време на реализација |
|---|---|---|
| Дифтерија, тетанус, детска парализа | IX | 09 .2019 |
| Дифтерија, тетанус,детска парализа | II | 09.2019 |

| | | |
|---|---|---|
| Морбили | I | 02.2020 |

- **Редовни систематски прегледи:**

| Одделенија | Време на реализација |
|---|---|
| I | 02. 2020 |
| III | 02. 2020 |
| V | 02. 2020 |
| VII | 02. 2020 |

- **Контролни и систематски стоматолошки прегледи:**

| Одделенија | Време на реализација |
|---|---|
| I | 03. 2020 |
| II | 01. 2020<br>03. 2020 |
| III | 03. 2020 |
| IV | 11. 2020 |
| V | 12.2019 |
| VI | 09.2019 |
| VII | 04. 2020 |

## 15.3. Едукација за здрава исхрана

Со цел да се поттикнат и мотивираат учениците за здрав живот, во училиштето ќе се води кампања за учениците за: здрава храна, физички активности, активности во периодот на детството. Преку Центарот за јавно здравје-Скопје, одделенските раководители, ќе се реализираат едукативни предавања за учениците.

Исто така и преку проектот *Еко училиште*, ќе се спроведуваат предавања на учениците за стекнување на здрави навики.

**Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците ќе се реализира и преку предавања и тоа:**

| Теми на предавање | Одд. | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|---|
| Исхрана, лична хигиена и здравствен бенефит од редовните физички активности | II, III, IV, V<br>VI, VII, VIII, IX | 09.2019 | Центар за јавно здравје |
| Грдба и функција на оралната празнина | I<br>IV | 09.2019<br>10.2019 | Детска и превентивна стоматологија –Идадија |
| Безбедност во сообраќајот | II, IV | 10.2019 | МВР |
| Залевање на забите и нивна заштита | I | 10.2019 | Детска и превентивна стоматологија –Идадија |
| Правилна исхрана и контрола на внес шеќери | IV<br>I | 11.2019<br>12.2019 | Детска и превентивна стоматологија –Идадија |
| Болести на зависност | VIII | 12.2019 | Црвен крст на Р. Македонија |
| Правилна исхрана и орална хигиена | I<br>IV | 02.2020<br>03.2020 | Детска и превентивна стоматологија –Идадија |
| Редовна посета на стоматолог и употреба на флуорид во превентивни цели | I<br>IV | 04.2020 | Детска и превентивна стоматологија –Идадија |

Во училиштето ќе се реализираат активности со цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите.

Програмата за Грижа за здравјето на учениците, дадена е во **Прилог бр.17**

## 16. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Нормативното уредување во училиштето се реализира преку имплементација на повеќето правилници и акти: Куќен ред, Кодекс на однесување на учениците, Кодекс на однесување на наставниците, Кодекс на однесување на родителите, Кодекс за чување на компјутерите, Правилник за видови на пофалби, награди и педагошки мерки.

Во текот на учебната 2019/2020 година, училиштето ќе води посебна грижа за почитувањето на етичките кодекси од страна на сите структури и тоа: директорот и стручните соработници , наставниците, родителите учениците, службениците во институциите надлежни за Образованието на државно и на локално ниво .

Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навиките за културно однесување ќе се реализираат следните активности:

### 16. 1. Дисциплина

| Планирани активности | Време на реализација | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Определување план за подобрување на дисциплината во училиштето | Септември 2019 | Стручни соработници, одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Консултации со Директор и стручните соработници | Успешна реализација на планот за подобрување на дисциплината во училиштето |
| Изготвување распоред на дежурни наставници | Во текот на целата учебна година | Одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручен актив | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни наставници |
| Определување дежурни ученици за дежурства во училишниот ходник | Во текот на целата учебна година | Одделенски раководители и ученици | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни ученици |
| Определување дежурни | Во текот на | Класни | Кодекс на | Консултации со | Позитивна училишна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ученици по паралелки | целата учебна година | раководители и ученици | училиштето | класните раководители | клима |
| Изготвување распоред на одговорни лица за вршење контрола на санитарни јазли | Во текот на целата учебна година | Техничка служба | Кодекс на училиштето | Консултации и средби со техничка служба | Позитивна училишна клима |
| Определување одговорни лица за следење на дисциплината во училишниот двор | Во текот на целата учебна година | Одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручен актив | Позитивна училишна клима |
| Водење писмена евиденција за тековните збиднувања во училишната зграда и училишниот двор | Во текот на целата учебна година | Дежурни наставници | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |

## 16.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Уредување и одржување на паноата во училниците | Во текот на целата учебна година | Класни раководитеки и одговорни ученици | Изработки од учениците | Разговор, практична работа | Креативно уредена училница и пријатна атмосфера за работа |
| Уредување и одржување на катчињата со ученички изработки во училишниот | Во текот на целата учебна | Одделенски и предмени | Изработки од учениците, | Разговор, | Увид во состојбата во училишниот ходник и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ходник | година | наставници, одговорни ученици | дипломи, пофалници | практична работа | навемена интервенција |
| Уредување и одржување на училишниот двор | По потреба | Техничка служба, дежурни ученици | Алат за работа и садници | Разговор, практична работа | Естетско уреден и функционален училишен двор |

## 16.3.Мулти-културализам

Мултиетничката интеграција претставува приоритет во нашето училиште и тоа веке презема активности кои одат во таа насока.

**Преку активностите**, ученикот :

- Ќе се поттикнува на почитување на различните од себе независно од етничката припадност, јазикот, полот, бојата, верата
- Ќе умее да ја почитува и развива сопствената култура и да ги прифаќа вредностите на другите култури
- Ќе придонесува за сузбивање на дискриминација, стереотипни размислувања и предрасуди

Низ истражувачките активности учениците треба да го изнесуваат своето мислење, да прифаќаат вредности од областа на човековите права и за демократското уредување на општеството, да се воспитуваат за соработка и солидарност со другите.

**Активностите** ќе се реализираат со примена на методи и техники за поттикнување на продлабочено учење, кооперативност, како и со самостојно истражување и откривање на знаењето. Во тој контекст, наставниците ќе придонесуваат за создавање демократска училишна клима во паралелката, ќе се грижат за поттикнување на интегрирање на учењето со активностите и однесувањето на учениците во паралелката, училиштето и пошироката средина. Всушност, неопходно е учениците да се оспособуваат да го применуваат знаењето.

Истовремено, учениците треба да сфатат како да се живее во заедница во која постојат голем број културни разлики помеѓу нејзините членови, да се навикнуваат да ги надминуваат меѓусебните недоразбирања со толеранција и почит, а со тоа и како да го спречуваат создавањето на конфликтите. Стекнуваат култура на мирот, медиумска култура, учат како да преземаат општествена одговорност и на тој начин да се развиваат во лојални граѓани на државата.

**Очекуваните резултати** :

- Подобрена училишна клима за меѓуетничка интеграција
- Похумана и праведна средина каде се промовираат вредностите на човековите права и каде се практикува однесување во правец на човековите права
- Изградена "политика на целото училиште"
- Демократски работни методи за заемна почит меѓу наставникот и ученикот; да се применува етичкиот принцип на однесување во секојдневниот живот
- ученикот да чувствува задоволство од работата, да биде почитувана личност со изградени позитивни ставови за карактерот на личноста
- да се отстранат старите закоравени социјални и етички навики полни со негативни појави: дискриминација, сегрегација, шовинизам
- училиштето да претставува место каде се почитуваат човековите права и не се загрозува физичкиот и моралниот интегритет на другите

Училишниот тим одговорен за оваа компонента, изготви План за реализација на меѓуетничка интеграција во образованието во редовната и во вонпаставните активности, со цел меѓусебно запознавање, развивање на почит и однос кон различностите Исто така училиштето соработува со друго училиште од регионот кое е од друг ентитет и ќе се реализираат активностите со ученици и наставници.

Планот за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во соновното образование ,е даден во **Прилог бр. 11**

## 16.4. Односи меѓу сите структури

За утврдување на односите меѓу сите структури во училиштето, во училиштето се формира одговорен тим, кој ќе ги реализира следните активности:

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ ресурси | Методи и постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Избор на тим, составен од сите структури за вршење анализа на | Септември | Директор, стручни соработници, | Кодекс на училиштето | Разговор | Формиран училишен тим |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| критичките точки во комуникацијата во училиштето | | одделенски и предметни наставници | | | |
| Изготвување на анкети и прашалници за утврдување на критичките точки во комуникацијата | Септември | Директор, стручни соработници, одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето, анкети и прашалници | Разговор, | Изготвени анкети |
| Анализа на анкетите и прашалниците | Септември/ Октомври | Одговорни наставници | Анкети и прашалници | Системност и постапност во средувањето на добиените податоци | Утврдување на критичките точки во комуникацијата во училиштето |
| Изготвување на план за подигнување на квалитетот на комуникацијата | Октомври | Одговорни наставници | Кодекс на училиштето, анкетни листови со сугестии | Консултации | План за подигнување квалитетот на комуникација |
| Рализирање на активности со цел надминување на критичките точки во комуникацијата | Во текот на целата учебна година | Директор, стручни соработници, наставници | План за подигнување на квалитетот на комуникацијата меѓу вработените | Практична работа | Позитивна и пријатна работна атмосфера |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во училиштето и учениците | | |

## 17. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Професионалниот развој преставува планиран, партиципативен и континуиран процес кој го подржува развојот на поединците и ги задоволува променливите потреби на училиштата. Започнува со систематско идентификување на сегашните и идните потреби, на индивидуално и организациско ниво, што води кон договорни начини на делување со цел подршка и развој.

По извршената анализа од спроведената самоевалуација и интегралната евалуација од страна на ДПИ, можеме да констатираме дека наставниците се соодветно квалификувани, поседуваат добри знаења и добро се прилагодуваат на промените.

***Активности за професионален развој***

Училиштето планира низа на активности за професионален развој на образовниот кадар и тоа:

1. Изготвување на лични планови за професионален развој
2. Планирање, организирање и реализирање на обуки, семинари и работилници на теми од кои имаат потреба наставниците
3. Изготвување на извештаи од спроведените обуки
4. Евалуација ,од која ќе произлегуваат наредените приоритети за професионален развој

***Личен професионален развој***

Личниот професионален развој на наставниците во училиштето ќе се реализира преку:

1. Изготвување на програма за личен професионален развој од страна на секој наставник
2. Следењето работата на наставниците преку посета на часови
3. Вреднување работата на наставниците преку однапред подготвени интерни инструменти изготвени согласно соодветни критериуми,
4. Мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и друго.

Во учебната 2019/20 година, училиштето планира активно учество на наставниците и вработените на понудените обуки .

Како резултат на горе наведеното, во училиштето се изготи акционен план во кој се идентификуваа следните **приоритети за професионален развој:**

- Едуцирање на наставниот кадар за работа за изготвување на ИОП
- Користење на Смарт табла во наставата
- Оспособување на наставниот кадар за работа со на надарени ученици

| Компетенции | Тема/ наслов/ носител | Стратегии/ активности | Очекувани исходи | Форма/и на професионален развој* | Потребни ресурси | Учесници (име и презиме) | Улога на учесниците** | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Социјална и образовна инклузија | Изготвување на индувидуални образовни планови | Предавања и интерактивни работилници | Оспособување на наставниот кадар за изработка на индивидуален образовен план | Професионално усовршување | -Стручно лице<br>-Павер поинт<br>- презентации<br>- материјали за учесниците различни практични вежби други мултимедијални материјали | Одделенски и предметни наставници<br>Стручни соработници | Учесници | Октомври 2018 |
| Поучување и учење | - „Примување | - Училиштето | Наставниците ќе знааат да ја користат Смарт таблата за реализација на наставните | Професионално усовршување | Стручно лице Павер | Одделенски и предметни | Учесници | Јануари 2019 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ИКТ во наставата“ - „Користење на Смарт табла при реализација на наставните содржини“ - Училиштето Работилници** | **Работилници Презентации Симулации Практична работење со Смарт табла** | **содржини** | | **поинт презентации материјали за учесниците различни практични вежби други мултимедијални материјали** | **наставници<br><br>Стручни соработници** | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Поучување и учење** | **Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби-надарени ученици** | **Предавања и интерактивни работилници** | Препознавање и идентификување на надарените ученици<br>-Практична работа со надарените ученици во зависност од видот на надареност и активности за нивно професионално насочување | **Професионално усовршување** | **-Стручно лице**<br>**-Павер поинт**<br>**-презентации**<br>**-материјали за учесниците различни практични вежби други мултимедијални материјали** | **Одделенски и предметни наставници**<br>**Стручни соработници** | **Учесници** | **Мај 2019** |

## 18. ХОРИЗОНТАЛНО УЧЕЊЕ

Хоризонталното учење во училиштето, ќе се реализира преку работата на стручните активи, организирање на отворени часови, работилници се со единствена цел пренесување на знаењата или размена на професионално искуство.

Училиштето во месец септември , ќе изготви акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

## 19. ТИМСКА РАБОТА И УЧИЛИШНА КЛИМА

Со цел зајакнување на тимската работа, во учебната 2019/20 година се планира реализација на :

- Одржување на ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки
- Поттикнување на взаемна доверба и почитување
- Конструктивно решавање на проблемски ситуации
- Поттикнување на отворена комуникација и почитување мислењето на секој поединец, да се биде критичен и самокритичен

Тимската работа добро функционира во нашето училиште, што се согледува преку изработката на годишната програма, изработка на Самоевалација на училиштето,изработка на Програмата за развој на училиштето, преку работата на стручните активи, вклученоста на наставниците во проектните актиности во училиштето , како и учестото на различни манифестации организирани во училиштето и локалната средина.

Во училиштето е присутна позитивна клима .

## 20. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

### 20.1. Вклученост на семејствата во училиштето

Во учебната 2019/2020 година училиштето планира редовно да ги информира Семејствата и родителите на нашите ученици, како и да ги вклучи во сите активности кои ќе се реализираат. Родителите редовно ќе се информираат за работењето на училиштето преку индивидуалните и групни родителски средби, седниците на Совет на родители и брошурите за родители.

Родителите ќе бидат вклучувани преку:

- организација на спортски манифестации и ликовни изложби
- продажни базари( новогодишен и велигденски базар)

- организација и реализација на приредби
- екскурзии, излети и научни посети
- поставување на декор, украсување на училиштето
- реализација на предавања за унапредување на здравјето (лекар и стоматолог) и
- реализација на настава (експерти од одредени професии)

Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, поведението и редовноста на учениците. Соработката со одделенскиот раководител, наставниците, психологот,педагогот со цел континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот , ќе придонесе за надминување на пројавените проблеми.

Преку соработката на одделенскиот раководител со стручните соработници, родителите навремено ќе се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектираните проблеми на ученикот. Родителите и семејството ќе имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

Информирањето и соработката меѓу училиштето и родителите ќе се остварува и преку:

- Општи родителски средби
- Индивидуални средби со родителите
- Состаноци на Советот на родители
- Советување на родителите
- Работилници и трибини на разни теми
- Вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето.

## 20.2. Вклучување на родителите во Совет на родители

Работата на Советот на родители придонесува за осовременување на условите за работа и унапредување на реализација на наставата и воннаставните активности во училиштето.

Во Совет на родители е вклучен по еден родител како претставник од секое одделение. Преку Советот на родители , родителите даваат свои идеи, предлози, донесуваат одлуки и се ангажираат за подобрување на успехот и поведението на учениците, односот на ученикот кон наставникот и соучениците, намалување на изостаноците, осовременување на наставата и нејзино прилагодување на потребите на учениците.

## 20.3. Информирање на родителите за работата на училиштето

Родителите усно и писмено ќе се известуваат за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот и во соработка со нив ќе се работи на помош на ученикот за надминување на пројавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот раководител со стручните соработници , родителите навремено ќе се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми на ученикот. Родителите и семејството ќе имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето, преку брошури и информтор за родители.

**ИНФОРМИРАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО**

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Извори/ ресурси | Методи и постапки за реализација | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општа родителска средба од I- IX одд. | Запознавање на родителите со покажаниот успех и поведение на учениците и други актуелни прашања за даден период со дневен ред за водење на родителските средби | Одделенски раководители од I- IX одд. | Напатствија со дневен ред за состанокот,о дделенски дневници, записници. | Дискусија и компромис, текстуален метод. | 09 и 11.2019 01,04, 06 2020 | Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението,реализација на предвидените активности во договор со родителите. |
| Родителска средба на ниво на активи од III-VIII одд. | Запознавање на родителите со изборните предмети што ќе се изучуваат во наредната учебна 2020-2021 год. | Одд.раководи-тели од III-VIIIодд. | Програма за работа на изборните предмети | Презентирање на изборните предмети | 05.2020 | Избор на саканиот предмет и формирање на паралелки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Родителска средба на ниво на паралелка или на ниво на актив од I-IX одд. | Известување на родителите со актуелната проблематика | Одд.раководите ли од I-IX одд. | Одделенски дневници, дневен ред со поставени активности и цели | Дискусија и компромис, текстуален метод. | По потреба во текот на учебната година | Подобрување на успехот поведението на учениците како и решавање на актуелните проблеми |
| Изработка на брошури за родители | Информирање на родителите | Стручен тим на наставници директор психолог | План за работа на училиштето,г одишна програма, актуелни состојби | Информирање за активности на училиштето | 09.2019 06.2020 | Информирање и прифаќање на нови предлози и сугестии од страна на родителите. |
| Индивидуални средби и приемни денови на наставниците од I-IX. | Запознавање на родителите со успехот по секој наставен предмет | Наставници од I-I X одд. | Одделенски дневници | Дискусија и компромис, текст метод | Во текот на цела учебна година | Подобрување на успехот кај учениците |

## 21. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Улогата на комуникацијата во јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето на дваесет и првиот век.
Нашето училиште континуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во локалната заедница. Реализираните активности и постигнувања во соработка со воспитно-образовни установи, претпријатија и други установи лоцирани во локалната заедница, учениците ги презентираат својата работа, знаења и постигнувања пред медиумите, пошироката јавност и Општината Центар.

***Локална заедница***

Соработката на училиштето со локалната заедница, има посебно значење, со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до истата. Тоа подразбира нејзино информирање за постигнатите резултати, присутни состојби и проблеми, како и разни други видови соработка, почнувајќи од соработка со родителите, преку соработка со воспитно-образовни установи, институции од областа на културата, стопанството, локалната самоуправа и други институции.

Формите на соработка се разновидни: учество на разни манифестации, натпревари, фестивали, изложби, средби, акции од секаков вид.

Во учебната 2019/20 година, во соработка со Општината Центар, училиштето планира да земе учество на :

1. Есенски крос
2. Еколошки акции
3. Денот на шегата
4. Денот на планетата земја
5. Ден на Европа

***Институции од областа на културата***

Училиштето ќе земе учество на објавените конкурси и натпревари и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сали,театри...

***Институции од областа на образованието***

Во учебната 2019/20 година, училиштето ќе ја продолжи соработката со МОН, БРО, ДПИ, Сектор за основно образование како дел од Општината, актив на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни и средни училишта и факултети и друго.

**План за комуникација на ООУ „Кочо Рацин “ ,Скопје со различни заинтересирани страни**

| Заинтересирани страни | Теми и проблеми | Стратегии/ Начини на комуникација | Одговорни личности |
|---|---|---|---|
| Министерство за образование и наука | Законски регулативи<br>Решенија за наставни планови и програми<br>Упатства ,формулари<br>Согласности за вработување<br>Календар за работа за учебната година<br>Проекти | Дописи<br>Извештаи<br>Електронска комуникација | Директор |
| Биро за развој на | Реализација на наставни програми | Дописи, | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| образованието (БРО) | Организирање на семинари и обуки<br>Изработка и спроведување на нормативите за наставен кадар<br>Спроведување на изработените нормативи за обезбедување на услови за работа | Извештаи<br>Електронска комуникација<br>Состаноци<br>Советувања<br>Разговори<br>Работилници | Стручна служба<br>Стручни активи<br>Наставници |
| Државен просветен инспекторат | Доследно спроведување на законската регулатива<br>Самоевалуација на работата на училиштето<br>Интегрална евалуација на училиштето<br>Уписи на првачиња<br>Педагошка евиденција и документација | Дописи, извештаи<br>Електронска комуникација<br>Увиди<br>Состаноци<br>Разговори | Директор<br>Секретар<br>Стручна служба |

***Невладини организации***

Во учебната 2019/20 година, училиштето ќе ја продолжи соработката со невладините организации, како што се: Детска амбасада, СОС-центри, Младински културни центри, Еколошки друштва и друго. Сето ова ќе се предвидува и реализира со акциски план.

***Комуникацијата со јавноста ќе се реализира преку следните активности :***

- Учество на разни манифестации во организација на Општината Центар
- Учество во одбележување на значајни настани и јубилеи со пригодни програми на ниво на училиштето и пошироко;
- Учество на натпревари
- Комуникација со медиуми преку учество во ТВ детски емисии
- Посети на основни и средни училишта, библиотека, кино и театарски претстави, историски локалитети и објекти, споме обележја, музеи, фабрики, метеоролошки станици , невладини организации и други
- Соработка со амбасади во Република Македонија
- Подготвување и печатење на публикации за училиштето
- Збратимување и соработка со училишта од нашата и други земји
- Промовирање на постигнатите резултати од различен вид, промовирање на проектни активности во локалната заедница.

Соработката со локалната заедница ќе се одвива преку активностите кои што се планирани во програмите на Детската организација, подмладокот на Црвениот крст, Јавната и културна дејност на училиштето и Советот на родители во училиштето.
Училиштето изготви Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница, дадена во **Прилог бр. 16**

***Спортски друштва***

Во учебната 2019/20 година , училиштето ќе соработува со спортски клубови закои ќе се спроведе постапка по донесување на Одлука од страна на Советото на општина Центар.

***Здравствени организации***

Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, училиштето во учебната 2019/20 година , ќе соработува со следните здравствени организации:

1. Школска амбулата Бит пазар
2. Стоматолошка ординација -Идадија
3. Центар за јавно здравје
4. Центар за социјални работи
5. Фонд за здравство
6. Осигурителни компании и др.

***Медиуми***

Со цел на промоција на училиштето во учебната 2019/20 година , ќе соработува со локални ТВ станици, локални радиостаници, весници и друго. Училиштето ќе формира тим имодговорно лице за контакт со медиумите, кое ќе има за задача да организира настани и активности на разни теми со единствена цел промоција пред медиумите и јавноста.

**Членови на тимот кои учествуваа во изработката на Годишната Програма за работа на училиштето:**

1. Јовица Остојиќ -Директор
2. Сузана Камчева –психолог
3. Радмила Страшевска Ристиќ –педагог ( до 31.08.2019 година)
4. Татјана Багеска – дефектолог

5. Марина Стојановска – одделенски наставник

ООУ„Кочо Рацин“ Скопје
29.08.2019 година, Скопје

Директор
Јовица Остојиќ

_________________________

## 22. ПРИЛОЗИ

**(види 22.1.) ПРИЛОГ 1. – Годишна програма на директор**
**(види 22.2.) ПРИЛОГ 2. – Годишна програма на психолог**
**(види 22.3.) ПРИЛОГ 3. – Годишна програма на педагог**
**(види 22.4.) ПРИЛОГ 4. – Годишна програма на библиотекар**
**(види 22.5.) ПРИЛОГ 5. – Годишна програма на Училишен одбор**
**(види 22.6.) ПРИЛОГ 6. – Годишна програма на Совет на родители**
**(види 22.7.) ПРИЛОГ 7. – Годишна програма на Наставнички совет**
**(види 22.8.) ПРИЛОГ 8. – Годишна програма на Стручни активи**
**(види 22.8.1.) ПРИЛОГ 8.1. – Годишна програма на Стручни активи – Природно математички актив**
**(види 22.8.2.) ПРИЛОГ 8.2. – Годишна програма на Стручни активи – Општествено јазичен актив**
**(види 22.8.3.) ПРИЛОГ 8.3. – Годишна програма на Стручни активи – Одделенска настава**
**(види 22.9.) ПРИЛОГ 9. – Годишна програма за работа на училишниот хор**
**(види 22.10.) ПРИЛОГ 10. – Годишна програма за работа на училишниот орекестар**
**(види 22.11.) ПРИЛОГ 11. – Акциони планови за реализација на проекти во училиштето:**
**(види 22.11.1.) ПРИЛОГ 11.1. – Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието**
**(види 22.12.) ПРИЛОГ 12. – Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди**

**(види 22.13.) ПРИЛОГ 13. – Програма за реализација на ученички натпревари**
**(види 22.14.) ПРИЛОГ 14. – Програма за општествено-хуманитарна работа**
**(види 22.15.) ПРИЛОГ 15. – Програма за работа на ученичка заедница**
**(види 22.16.) ПРИЛОГ 16. – Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница**
**(види 22.17.) ПРИЛОГ 17. – Програма за грижа на здравјето на учениците**
**(види 22.18.) ПРИЛОГ 18. – Програма за јавна и културна дејност на училиштето**
**(види 22.19.) ПРИЛОГ 19. – Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем**
**(види 22.19.1.) ПРИЛОГ 19. 1. – Прилог 1. Формулар за членови на еко-одбор**
**(види 22.19.2.) ПРИЛОГ 19. 2. – Прилог 2. Анализа на состојбата на животната средина**
**(види 22.19.3.) ПРИЛОГ 19.3. – Прилог 3. План на активности**
**(види 22.19.4.) ПРИЛОГ 19.4. –Прилог 4. Поврзување со наставната програма (одделенска настава)**
**(види 22.19.5.) ПРИЛОГ 19.5. –Прилог 5. Поврзување со наставната програма (предметна настава)**
**(види 22.20.) ПРИЛОГ 20. – Програма на инклузивен тим за образование**
**(види 22.21.) ПРИЛОГ 21.Програма за превенција од насилно однесување во училиштето**
**(види 22.22.) ПРИЛОГ 22.Програма за професионална ориентација на учениците**
**(види 22.23) ПРИЛОГ 23. Програма за антикорупција**
**(види 22.24) ПРИЛОГ 24. Програма за отворен ден за граѓанско образование**
**(види 22.25.) ПРИЛОГ 25.Следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа**
**(види 22.26.) ПРИЛОГ 26.Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето**
**(види 22.27.) ПРИЛОГ 27.Анкети за изучување на изборните предмети**
**(види 22.28.) ПРИЛОГ 28.Финансов план**

**ПРИЛОГ БР. 22. 1.**

**Програма за работа на директорот во учебната 2019/2020 година**

Директорот на училиштето во согласност со законските прописи и статутот на училиштето, обавува раководна функција која бара темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето. Директорот го води училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на наставната и целокупното работење на училиштето. Програмата за работа на Директорот претставува интегрален дел од Програма за работа на училиштето и директорот ќе се насочи кон нејзина квалитетна реализација.Оперативните задачи во Програмата за работата на директорот на училиштето ги опфаќаат активностите: **раководење и управување** (планирање и програмирање, координација, упатство и контролирање, извештаи, анализи и вреднувања, информирање, претставување) **раководење на кадарот** (надзор и контрола, поттикнување, вреднување и оценување, одржување ред и дисциплина, помош во надминување на проблемите, разрешување на конфликти) **сопствен развој** (учење и усовршување, креативност во работата, менаџмент на криза), **обработка на информации** (процена, вреднување, анализа и оценување, истражување, проверка и изведување заклучоци) и **комуникација** (соработка со локална средина, комуникации во колективот, административни дописи, информирање за работата и постигнувањата и презентации).

Во учебната 2019/2020 година, приоритети во работата на училиштето и на директорот се:

**1. Унапредување на работата со ученици со посебни образовни потреби (талентирани, ученици со посебни образовни потреби и ученици од ранливи групи)**

**Задачи:** Изготвување база на податоци за ученици со посебни потреби, стручно усовршување на наставен кадар и стручни соработници за работа со ученици со посебни потреби, организација на хуманиратни акции за собирање помош за ученици од ранливи групи.

**2. Подобрување на квалитетот на наставата со примена на активна настава**

**Задачи:** Следење и евалуација на примена на интерактивни методи, форми и техники на работа.

**3. Подобрување на материјално-техничките услови за работа во училиштето**

**Задачи:**

Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk

- Опремување на училиштето со поголем број на современи нагледни средства, дидактички материјали, технички помагала и училишен инвентар
- Хортилултурно и партерно уредување на училишниот двор
- Обновување на спортските терени

| 1. Анализирање и утврдување на општите услови за остварување на дејноста на училиштето (снимање на состојбите) | | |
|---|---|---|
| **Концепциско -програмско подрачје** | **Соработници** | **Време на реализација** |
| Изработка на основен проект за развојот и програмската концепција за работа на училиштето | Стручни соработници | јули-август |
| Координирање на обезбедување на материјално- техничките услови за почеток на учебната година ( градежни работи, набавка на инвентар и нагледни средства) | Одговорни на стручни активи | јули- август |
| Утврдување Методологија за изготвување Годишната програма за работа на училиштето | Стручни соработници | август |
| Избор на приоритетните задачи кои треба да се програмираат во одделни делови од Годишната програма за работа на училиштето | Стручни соработници, одговорни на стручни активи | август |
| Изготвување на Програма за развој на училиштето | Стручни соработници, одговорни на стручни активи | мај-јуни |

| 2. Следење на организација и реализација на воспитно-образовната и друга стручно-педагошка работа во училиштето | | |
|---|---|---|
| **Концепциско -програмско подрачје** | **Соработници** | **Време на реализација** |
| Увид во планирањето и програмирањето на наставната и друга воспитно-образовна дејност (годишни, тематски, дневни и друг вид планирање кај | Стручни соработници | септември |

Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk

| | | |
|---|---|---|
| наставниците и другите стручни соработници) | | |
| Увид и помош во остварувањето на стручните, оперативно организаторските, материјално-техничките и дидактичко-методските подготовки за реализација на наставната и воннаставната дејност во училиштето | Стручни соработници и стручни активи | септември |
| Реализација на училишни екскурзии и други воннаставни слободни активности со однапред определена цел и програма | Комисија за екскурзија<br>Совет на родители | октомври<br>април |
| Организирање и одржување на разговори, консултации советодавни разговори со наставниците кај кои се реализирани педагошки увиди во наставата и воннаставната работа | Стручни соработници<br>стручни активи | тековно |
| Планирање на потребите за упатување на наставно-воспитен кадар на стручно усовршување во училиштето и надвор од него, со акцент на менторската работа | Стручни соработници | тековно |
| Организирање и координирање на реализацијата на разните форми на стручно-педагошко и психолошко усовршување на кадарот во рамките на училиштето, во соработка со други субјекти кои организираат стручно усовршување | Стручни соработници одговорни на стручни активи | тековно |
| Учество во изготвување на предлог-стручна литература која треба да ја користат наставниците и стручните работници | Стручни соработници<br>библиотекар<br>стручни активи | тековно |
| Координирање на спроведување на проверка на знаењата на учениците преку тестови на знаења- подготовка за интерна проверка | Стручни соработници<br>стручни активи<br>комисија за интерно проверување | ноември<br>април |
| **3. Работа со стручните органи во училиштето** | | |
| ***Концепциско -програмско подрачје*** | ***Соработници*** | ***Време на реализација*** |
| Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет на училиштето | Стручни соработници | август |

| | | |
|---|---|---|
| Подготвување на работните состаноци на Наставничкиот Совет на училиштето (планирање на содржини за дневните редови, задолжувања на наставниците, дидактичко-методски упатства за работа и други материјали за работа | Стручни соработници раководители на Стручни активи | тековно |
| Раководење со работните состаноци на Наставничкиот совет | | тековно |
| Увид во планирање и програмирање на работата на стручните активи и советите во училиштето | Стручни соработници одговорни на стручни активи | тековно |
| Увид и следење на реализацијата на програмските задачи на стручните активи, одделенските совети на паралелките | Стручни соработници | тековно |
| **4. Аналитичко - студиска работа** | | |
| ***Концепциско -програмско подрачје*** | ***Соработници*** | ***Време на реализација*** |
| Проучување и анализирање на карактеристичните проблеми во наставно-образовниот процес (воспитни, поединечни наставни предмети, и други приоритетни проблеми во училиштето) | Стручни соработници, раководители на стручни активи | тековно |
| Проучување и анализирање на глобално планирање на ниво на училиште, планирање и програмирање на работата на наставниците и стручните соработници | Стручни соработници | |
| Изготвување на анализа за успехот и резултатите од работата на училиштето по класификациони периоди, (тромесечие) | Стручни соработници | тековно |
| Изготвување на извештај за извршените педагошки увиди во наставата , воннаставната работа и друга стручно-педагошка дејност | Стручни соработници | тековно |
| Изготвување Извештај за работата на училиштето за тековната учебната година | Стручни соработници | тековно |
| ***5. Соработка со учениците и нивните организации во Училиштето*** | | |

| *Концепциско -програмско подрачје* | *Соработници* | *Време на реализација* |
|---|---|---|
| Помош и соработка во организирањето на вонанатставните слободни активности | Одговорен наставник<br>Стручни соработници | тековно |
| Насочување и помош во организирањето на работата на ученичката заедница | Одговорен наставник за ученичката заедница,<br>Педагог | тековно |
| Насочување на активностите и непосредна работа со одделни категории ученици (надарени ученици, ученици со слаб успех, ученици со одредени потешотии и сл.) | Предметни наставници<br>Стручни соработници | тековно |
| Давање подршка за стручна помош на наставниците за унапредување на формите и методите на работа со разни категории ученици | Стручни соработници | тековно |
| **6. Соработка со родителите на учениците и Советот на родителите** | | |
| *Концепциско -програмско подрачје* | *Соработници* | *Време на реализација* |
| Учество во планирање , координирање и насочување на реализацијата на разни форми на соработка меѓу училиштето и родителите на учениците и Советите на родителите | Стручни соработници | тековно |
| Планирање, подготовка и реализација на родителски средби на ниво на училиште | Стручни соработници<br>Одд.раководители | тековно |
| Помош и давање стручни упатства на одделни родители за надминување на пројавените слабости во работата на учениците | Стручни соработници<br>Одделенски раководители | тековно |
| Прием на родители по укажана потреба | Стручни соработници<br>одделенски раководители | |

| | | |
|---|---|---|
| Учество во работата на Советот на родители | Стручни соработници | тековно |
| **7. Работа со Училишниот Одбор** | | |
| ***Концепциско -програмско подрачје*** | ***Соработници*** | ***Време на реализација*** |
| Подготвување на материјали за седниците на Училишниот Одбор и планирање на седниците | секретар<br>претседател на Училишен Одбор | тековно |
| Предлагање на Акти кои треба да ги донесе Одборот | секретар | тековно |
| Извршување на одлуки и заклучоци донесени од Училишниот Одбор | секретар<br>одговорни на отсеци | тековно |
| Координирање на работата на Одборот со работата на стручните органи во училиштето | секретар<br>одговорни на отсеци | тековно |

29.08.2019 година

Директор

______________________________

Јовица Остојиќ

**ПРИЛОГ БР. 22.2.**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ПСИХОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

Примарна цел во работата на училишниот психолог е следење и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот и психосоцијалниот развој на младата личност согласно нејзините способности.

Работата на психологот се реализира со учениците во соработка со директорот на училиштето, педагогот, наставници, родители, претставници на локалната самоуправа, БРО, Просветен инспекторат, претставници на образовни, здравствени и научни институции надвор од училиштето.

Програмата за работа на училишниот психолог, содржински се вклопува во програмата за работа на училиштето и во програмата за работа на Директор, програмата за работа на педагогот, Наставнички совет, Совет на родители и сите останати тела и органи кои функционираат во училиштето.

| 1.**ПЛАНИРАЊЕ , ПРОГРАМИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирана активност** | **Соработници** | **Време** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани цели и ефекти** |
| Изготвување на програма за сопствена работа | Психолог | Август 2019 | Планирање | Изготвена програма за сопствената работа |
| Изготвување на програма за професионална ориентација на учениците | Психолог Педагог | Август 2019 | Планирање | Изготвена годишна програма за професионална ориентација на учениците |
| Учество во изготвување ИОП за работа со ученици со посебни образовни потреби; | Училишен тим за ученици со посебни образовни потреби | Септември 2019 | Планирање | Изготвена програма за работа со ученици со посебни образовни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на програма за работа со надарени и талентирани ученици | Директор Педагог Наставници | Август 2019 | Планирање | Изготвена програма за работа со надарени и талентирани ученици |
| Изготвување на полугодишен извештај за сопствената работа | Психолог | Јануари 2020 | Анализа | Изготвен извештај за сопствената работа |
| Учество во изготвување на полугодишен извештај на работата на училиштето | Директор Педагог Тим на наставници | Јануари 2020 | Анализа | Изготвен извештај за работата на училиштето |
| Учество во изготвување на годишен извештај за работата на училиштето | Директор Педагог | Јуни 2020 | Анализа Статистичка обработка | Изготвен извештај за работата на училиштето |
| Изготвување на годишен извештај за сопствената работа | Психолог | Јуни 2020 | Анализа | Изготвен извештај за сопствената работата |
| Учество во работа на: Одделенски совети, Наставнички совет, Стручни активи, Училишен одбор, Детска организација. | Наставници Ученици | Септември Јуни 2019/ 2020 | Анализа Записници | Изготвен извештај |

**2.СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО ОБАРАЗОВАНА РАБОТА**

**А. Утврдување на потенцијалните можности и карактеристики на личноста на ученикот**

| Планирана активност | Соработници | Време | Методи и постапки при реализација | Очекувани цели и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Утврдување на зрелоста на децата за поаѓање во I одд. | Комисија за упис на ученици во прво одделение | Мај 2019 | Разговор Консултација | Утврдување на зрелоста на децата за поаѓање во I одд |
| Формирање паралелки во прво одделение | Педагог | Август 2019 | Рапределба на учениците во | Формирани паралелки во прво одделени |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | одделенија | |
| Следење на адаптација и социјализација на учениците од I одделение | Педагог<br>Наставници | Септември 2019<br>Јуни 2020 | Разговор | Навремено утврдување на видот на потешкотии на учениците |
| Откривање на надарените ученици од VI- IX одд. | Педагог<br>Наставници | Октомври 2019 | Тест за креативни мислење<br>Консултација со наставници | Откривање на надарени ученици |
| Утврдување на личните карактеристики , степенот на надареност и образовните потреби на надарените ученици | Педагог<br>Наставници | Ноември 2019 | Тест за креативни мислење<br>Консултација со наставници | Потикнување на надрените ученици |
| Откривање на ученици со потешкотии во учењето од I- IX одд. | Педагог<br>Директор<br>Наставници | Ноември 2019 | Тетсови<br>Разговор<br>Консултација | Список на ученици со потешкотии |
| Професионална ориентација на учениците | Педагог<br>Одделенски раководители | Март<br>Мај<br>2020 | Работилници<br>Тестови за професионална ориентација<br>Разговор | Реализација на активностите за професионална ориентација |
| Посета на часови на редовна настава и вонастатавни активности на учениците | Директор<br>Педагог | Септември-Јуни<br>2019/ 2020 | Увид<br>Педагоска евиденција и документација | Увид во часовите |
| **2.СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО ОБАРАЗОВАНА РАБОТА**<br>**Б. Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и според карактеристиките на нивната личност** | | | | |
| **Планирана активност** | **Соработници** | **Време** | **Методи и постапки** | **Очекувани цели и ефекти** |

| | | | **при реализација** | |
|---|---|---|---|---|
| Откривање и следење на ученици кои пројавуваат неприлагодено и несоодветно однесување (нередо-вно ја посетуваат наставата, агресивно однесување, значител-но го намалуваат училишниот успех и сл) | Педагог<br>Одд. раководители<br>Наставници | Септември – Јуни 2019/ 2020 | Увид<br>Консултација со одделенски раководители | Утврдување на бројот и видот на неприлагодено и несоодветно однесување на учениците |
| Утврдување на интелектуалните способности на учениците од I- IX одд. | Ученици<br>Наставници | Септември-Јуни 2019/ 2020 | Психолошки тестови | Увид во интелектуалните способности на учениците |
| Реализирање на работилници за разрешување конфликти | Ученици | Септември Јуни 2019/ 2020 | Работилници | Справување со конфликти |
| Реализирање на предавања и работилници за едукација и грижа за менталното здравје на учениците | Ученици<br>Одделенски раководители<br>Наставници<br>Родители | Септември Јуни 2019/ 2020 | Работилници | Грижа за менталното здравје на учениците |
| **3. ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТРУЧНИ МАТЕРИЈАЛИ** | | | | |
| **Планирана активност** | **Соработници** | **Време** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани цели и ефекти** |
| Изготвување на стручни материјали за потребите на училиштето | Директор<br>Педагог<br>Наставници | Септември-Август 2019/ 2020 | Статистички анализи | Изготвени стручни материјали |
| Изготвување на стручни материјали за потребите на МОН, БРО , Локална заедница | Директор<br>Педагог<br>Наставници | Септември-Август 2019/ 2020 | Статистички анализи | Изготвени стручни материјали |
| **4. СОВЕТОДАВНО- КОНСУЛТАТИВНА РАБОТА** | | | | |
| **Планирана активност** | **Соработници** | **Време** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани цели и ефекти** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Советодавно- консултативна работа со ученици | Педагог | Септември<br>Август<br>2019/ 2020 | Индивидуално<br>Советување | Мотивирање, помош и подршка на учениците за надминување на одредени појави и однесување |
| Советување со ученици<br>Работа со група ученици кои:<br>• нередовно ја посетуваат наставата,<br>• значително го намалуваат училишниот успех и<br>• пројавуваат различни облици на несоодветно однесување | Ученици | Септември<br>Август<br>2019/ 2020 | Групно Советување | Мотивирање, помош и подршка на учениците за надминување на одредени појави и однесување |
| Советодавно- консултативна работа со родители | Директор<br>Педагог<br>Родители | Септември<br>Август<br>2019/ 2020 | Индивидуално<br>Советување | Мотивирање, соработка, советување и подршка на родителите за надминување на одредени појави и однесување на нивното дете |
| Советување со родители чии ученици<br>• нередовно ја посетуваат наставата<br>• значително го намалуваат училишниот успех<br>• пројавуваат различни облици на несоодветно однесување | Родители<br>Ученици<br>Педагог<br>Директор | Септември<br>Август<br>2019/ 2020 | Групно<br>Советување | Мотивирање, соработка, советување и подршка на родителите за надминување на одредени појави и однесување на нивното дете |
| **5.ОПШТО -СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ** | | | | |
| **Планирана активност** | **Соработници** | **Време** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани цели и ефекти** |
| Учество во работата на секцијата на училишни психолози | Психолози од град Скопје | Септември – Јуни 2019/ 2020 | Состанок<br>Работилници | Сопствено усовршување |
| Сопствено стручно усовршување едукации, советувања, семинари и обуки | Стручни лица | Септември –Август | Работилници<br>Семинари | Сопствено усовршување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2019/ 2020 | Конгреси | |
| Организирање<br>и реализирање на активности за превенција од насилно однесување во училиштео | Педагог<br>Наставници<br>Родители | Во текот на годината | Индивидуална , групна<br>работа | Подобрена сосотојбата во училиштето во поглед на појавата насилството помеѓу децата |
| Посета на интерни и екстерни семинари, обуки, конференции и други едукативни собири за професионален развој | Учество на семинари, едукации, конференции од областа на професијата | Во текот на годината | Активна партиципација<br>Непосредна вклученост | Подобрување на компетенциите во работата на психологот во училиштето |
| **6.ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА** | | | | |
| **Планирана активност** | **Соработници** | **Време** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани цели и ефекти** |
| Изготвување на чек–листи, листи за бележење, скали на проценка, евидентни листи и<br>сл. за бележење и евидентирање на податоци | Директор<br>Педагог | Септември / Јуни<br>2019/ 2020 | Евидентирање на податоци | Систематизирање на податоците од увидите на педагошката документација, евиденција |
| Увид во дневникот на паралелката | Директор<br>Педагог<br>Наставници | Септември / Јуни<br>2019/ 2020 | Увид<br>Анализа<br>Консултација | Да се утврди бројот на изостаноци ан учениците |
| Увиди во главните книги | Директор<br>Педагог<br>Наставници | Септември / Јуни<br>2019/ 2020 | Увид | Утврдување на правилноста и навремено внесување на измените и дополнувањата во главнате книги |
| Изготвување на оперативни планови за сопстевената работа | Психолог | Септември / Јуни<br>2019/ 2020 | Планирање и Евидентирање | Планирање на активности по подрачја за работа |

29. 08.2019 година
Скопје

**Психолог**:

Сузана Камчева

**ПРИЛОГ БР. 22.3.**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

Работата на училишниот педагог претставува интегрален дел на предвидените активности од Годишната програма за работа на училиштето во насока на унапредување на воспитно-образовната работа. Преку низа задачи, содржини и форми ќе се остварува стручна соработка помеѓу педагогот и други субјекти кои непосредно се вклучени во училиштето.

Целта на педагошката работа ќе биде да ги воочува и идентификува педагошките и дидактичко-методски прашања и проблеми со кои се соочуваат наставниците, учениците и родителите на воспитно-образовната работа. За таа цел педагогот ги предвидува следните работни **задачи:**

- учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето
- учество во изработката на годишниот и полугодишниот извештај за работата на училиштето
- учество во изработката на статистички податоци за потребите на Општината, МОН, Статистика на Р.Македонија
- непосредно ќе ги следи програмираните содржини и активности во училиштето
- постојано ќе се консултира со наставниците за наставата,за нејзиното иновирање,вреднување и унапредување
- редовно ќе остварува соработка со учениците,нивните родители и ќе им помага во разрешување на нивните проблеми
- ќе ги проучува и анализира специфичните и актуелни појави во училиштето
- за целокупната работа на педагогот во текот на секојдневната работа ќе се води педагошка евиденција и документација
- редовно ќе се остварува соработка со директорот на училиштето, психологот, како и други стручни лица надвор од училиштето кои се занимаваат со научна работа од областа на образованието и менталното здравје на младите, стручните соработници од Бирото за развој на образованието, МОН, Секцијата на училишни педагози на ниво на град

**Цели:**

- унапредување и осовременување на наставниот процес со примена на современи форми и методи на работа за поефикасно учење кај учениците;
- подобрување на квалитетот на планирањето и програмирањето на работата во училиштето
- подобрување на оценувањето на учениците во училиштето
- следење на напредокот на учениците и оценувањето

- организирање на стручна превентивна едукација на учениците против болестите на зависност (никотизам, алхохолиза, наркоманија), несоодветно однесување
- јакнење на самодовербата,толеранцијата,солидарноста и чувството на одговорност кај учениците

**Очекувани ефекти:**

- Квалитативни промени во училишниот живот
- Создавање на позитивна клима во училиштето
- Примена на усвоените знаења и умеења во секојдневниот живот

**Работата на педагогот во тековната учебна година ќе се одвива преку следните подрачја**:

1. Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето
2. Советодавно-консултативна работа
3. Аналитичко-истражувачка работа
4. Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар
5. Водење на педагошка евиденција и документација

**ГЛОБАЛЕН ПРЕГЛЕД**

| Програмски подрачја | Програмски содржини | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| **1**. Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето | Следење и стручна помош при:<br>-планирањето и организација на наставата и воннаставните активности<br>- реализацијата на годишната програма | -континуирано | директор<br>психолог<br>наставници |
| **2**. Советодавна-консултативна работа | **а**.Советодавна работа со учениците:<br>- запознавање со куќниот ред -задолженијата и однесувањето на учениците во училиштето<br>- помош на ученици со потешкотии во учењето –индивидуална работа | - континуирано | директор<br>психолог<br>наставници<br>родители<br>стручни лица |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - талентирани ученици<br>- професионална ориентација<br><br>**б**.Советодавна работа со наставници<br>- насоки и договор со наставниците во подготовката и планирањето на образовно-воспитната работа (избор на форми, методи, средства и организација на работата)<br>-соработка со наставниците во изработка на критериуми и инструменти за објективно оценување<br>**в**.Советодавна работа со родителите:<br>- соработка и помош на родителите за решавање на проблемите кои се однесуваат на учењето и однесувањето на учениците<br>- организирани предавања за актуелни теми | - континуирано<br><br>- континуирано<br><br>- според актуелноста на темата | |
| **3**. Аналитичко -истражувачка работа | - запишување на учениците во прво одделение,<br>- истражување на образовно-воспитната пракса и на специфичните проблеми во училиштето,<br>- следење и анализа на реализацијата и ефектите од проектите во кои е вклучено училиштето. | -мај<br><br>септември-јуни | директор<br>психолог<br>наставници |
| **4**. Стручно усовршување на наставниот кадар | - учество во работата на стручните активи<br>-учество во работата на одделенските совети<br>- учество во работата на наставничките совети<br>- информирање и организирање за поефикасно | континуирано | директор<br>психолог<br>наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -користење на постојната и новата стручно-педагошка литература;<br>- учество во организирани форми на стручно усовршување | | |
| **5**. Педагошка евиденција и документација | - изготвување годишен , месечен и оперативен план за работа<br>- водење дневник за работа со ученици, родители и наставници<br>-водење педагошки картон за наставници<br>- водење документација за извршената аналитичко-истражувачка работа | континуирано | директор<br>психолог<br>наставници |

**ОПЕРАТИВЕН ПЛАН**

| Месец | Програмски содржини | Програмски подрачја | Соработници |
|---|---|---|---|
| **август** | - завршни активности околу уписот на децата во 1 одд.;<br>- формирање на паралелки за прво одд.,<br>- учество во изготвувањето на Програмата за работата во училиштето | аналитичко-истражувачка работа | директор<br>психолог<br>наставници |
| **септември -мај** | - начин на водење, форми и содржини на педагошката документација<br>-подобрување на оценувањето на знаењата на учениците-формативно оценување(примена на современи форми, методи и инструменти на оценување)<br>-животни вештини – ( соработка со одделенски наставници и следење на реализацијата | Аналитичко-истражувачка работа<br><br>Советодавна-консултативна работа | директор<br>психолог<br>наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | програмата за одделенски ча<br>- соработка со наставниците во креирање на наставата, не само како процес на пренесување на знаењата , туку првенствено како кооперативен процес на учење(посета на часови и анализа на истите). | Непосредно следење на воспитно-образовна работа | |
| **октомври** | - организација на слободното време во одделенска настава<br><br>- учество во активностите по повод приемот на првачињата во Детската организација | советодавна-консултативна работа<br><br>непосредно следење на воспитно-образовната работа | директор<br>психолог<br>наставници |
| **ноември<br>декември** | - учество во работата на одделенски совети за утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците во првото тромесечие | аналитичко-истражувачка работа, | директор<br>психолог<br>наставници |
| **декември** | - индивидуална работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето | - советодавна-консултативна работа | Директор<br>психолог<br>наставници |
| **јануари** | - учество во работата на одделенски совети за утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците во првото полугодие<br>- учество во изготвувањето на полугодишен извештај за работата на училиштето<br>- средување на педагошката документација | аналитичко-истражувачка работа,<br><br>педагошка евиденција и документација | Директор<br>психолог<br>наставници |
| **февруари<br>март** | -интерперсоналната комуникација, соработката и тимската работа во колективот<br>- предавање за зависностите | -работилница на стручен актив<br>-советодавна работа | психолог<br><br>надворешни стручни лица |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **март** | -проектни активности- | стручно усовршувањена наставниот кадар | Директор<br>психолог<br>наставници |
| **април** | - професионална ориентација на учениците – прашалници за самопроценка на интересите и на способностите на учениците од 9 одделение<br>- учество во работата на одделенски совети | аналитичко-истражувачка работа | Директор<br>психолог<br>наставници |
| **мај** | - запишување на деца во прво одделение<br>- професионална ориентација,следење и проучување на интересите на учениците нивните професионали желби и определби,<br>- групни и индивидуални разговори со учениците од 9 одд. за упис во училиштата за средно образование (средби со претставници од средни училишта ) | аналитичко-истражувачка работа,<br><br>советодавна работа | психолог, класни раководители<br>наставници |
| **јуни** | - учество во работата на одделенски совети<br>- учество во изготвување на годишниот извештај<br>- средување на педагошката документација | аналитичко-истражувачка работа<br>педагошка евиденција и документација | директор<br>психолог<br>наставници |

29. 08.2019 година
Скопје

**Педагог**:
Марина Стојановска

**ПРИЛОГ БР. 22. 4.**

# Годишна програма за работа на дефектологот

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕФЕКТОЛОГОТ

## ЗА УЧЕБНАТА 2019-2020 ГОДИНА

**Програмски подрачја за работа**

1. **Работа со ученици**

- Поддршка на учениците во учењето
- Следење и поддршка на развојот на учениците
- Професионална и кариерна ориентација на учениците

2. **Работа со наставници**

- Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата
- Поддршка на наставниците за работа со учениците

- **3. Работа со родители**
- Индивидуални и групни советувања со родителите
- Соработка со локалната заедница

**4. Соработка со заедницата**

- Соработка со локалната заедница

**5. Професионален развој и професионална соработка**

- Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

- Истражување во воспитно-образовната работа
- Училишна структура, организација и клима
- Училишна структура и организација
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество

**Оперативна програма за учебната 2019/2020 година**

| **Подрачје : Планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната работа со ученици со посебни образовни потреби** | | |
|---|---|---|
| **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
| Учество во изработка на Годишната програма на училиштето | Дефектолог<br>Директор<br>Стручни соработници | Август 2019 |
| Изработка на  Годишна програма за сопствената работа | Дефектолог | Август 2019 |
| Учество во изработка  на Годишен и Полугодишен извештај на училиштето | Дефектолог<br>Директор<br>Стручни соработници | Јануари 2020<br>Јуни 2020 |
| Учество во изработка  на Годишен и Полугодишен извештај за сопствената работа | Дефектолог | Јануари 2020<br>Јуни 2020 |
| Изработка на сопствена месечна програма за работа | Дефектолог | Континуирано |
| Учество во Наставнички совет | Дефектолог<br>Директор<br>Стручни | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| | соработници<br>Наставници | |
| **Подрачје : Работа со ученици** | | |
| **1. Подршка на учениците во учењето** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
| Учество во прием на првачиња, формирање на паралелки, прифаќање и распоредување на учениците со ПОП по паралелки | Дефектолог<br>Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници | Мај 2020<br>Август- 2020 |
| Проценка на образовните потреби на учениците со посебни образовни потреби со примена на соодветни техники и методи | Дефектолог<br>Стручни соработници<br>Наставници | Септември-октомври 2019 |
| Опсервација на часови во паралелките со цел детектирање на ученици со ПОП | Дефектолог<br>Наставници | Континиурано |
| Давање на непосредна поддршка во учењето на учениците со ПОП | Дефектолог<br>Стручни соработници<br>Наставници | Континиурано |
| 2. **Следење и поддршка на развојот на учениците со ПОП** | | |
| Помош во адаптацијата на новата средина на ученикот со ПОП кој започнува да се вклучува во редовното одделение | Дефектолог<br>Стручни соработници<br>Наставници | Септември-октомври 2019 |
| Непосредна работа со учениците со ПОП<br>Реедукација на психомоторика<br>Развој на социјални вештини и комуникација | Дефектолог<br>Стручни соработници | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| Вежби за надминување на дискалкулија, дислексија, дисграфија | Наставници | |
| Водење досие за секој ученик | Дефектолог<br>Стручни соработници<br>Наставници | Континуирано |
| Изработка на индивидуални образовни програми –ИОП за учениците со посебни образовни потреби (ПОП) | Дефектолог<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители | Август- септември-октомври<br>2019 |
| Користење на диференцијација и индивидуализација со цел да се обезбеди пристап до наставните содржини | Дефектолог<br>Стручни соработници<br>Наставници | Континуирано |
| Следење на ефектите од индивидуалниот образовен план -ИОП | Дефектолог<br>Стручни соработници | Континуирано |
| Учество во вршење на ревизии на ИОП | Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители | Ноември-Декември 2019<br>Април –јуни 2020 |
| Утврдува потреба од дополнителни сервиси за поддршка | Дефектолог | Континуирано |

| **3. Професионална и кариерна ориентација на учениците** | | |
|---|---|---|
| **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
| Индивидуално и групно советување со учениците со ПОП за правилен избор за понатамошно образование или професија | Дефектолог<br>Стручни соработници | Март-Мај 2020 |

| | | |
|---|---|---|
| Следење, анализирање и евалуација на напредувањето на учениците со ПОП | Дефектолог<br>Стручни<br>соработници | Март-Мај 2020 |
| Соработка со соодветните високошколски институции за професионална помош и консултација | Дефектолог<br>Стручни<br>соработници | Март-Мај 2020 |
| Соработка со стручните служби во училиштето, надлежните институции (МОН и БРО), меѓународни асоцијации и организации, невладиниот сектор,општината | Дефектолог<br>Стручни<br>соработници | Март-Мај 2020 |
| Соработка со здравствени установи и институции во полето на раното откривање, дијагностиката и третманот на учениците со ПОП | Дефектолог<br>Стручни<br>соработници | Континуирано |

| **II. Подрачје: Работа со наставниците** | | |
|---|---|---|
| **1. Подршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуација** | | |
| **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
| Конструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со ПОП | Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| Давање насоки за препознавање на потешкотиите кај учениците со ПОП | Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| Давање насоки за неопходните модификации и адаптации во наставата | Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| Помош во изборот на методи, техники, средства за работа со учениците со ПОП | Дефектолог<br>Стручни<br>соработници<br>Наставници | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| Помош во изготвувањето на инструментите за оценување соодветни на видот на посебните образовни потреби, поставените цели во ИОП и стилот на учење на ученикот | Дефектолог<br>Стручни соработници<br>Наставници | Континуирано |
| **2.Подршка на наставниците за работа со учениците** | | |
| **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
| Давање на стручна помош на наставниците преку индивидуални или групни средби и обуки за идентификување и работа со учениците со ПОП и развивање стратегии за работа со нив | Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| Специфична методичка помош по одделни образовни дисциплини | Наставници | Континуирано |
| Давање насоки (групни или индивидуални консултации) за документирање на постигнувањата на учениците со ПОП | Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| Планирање стратегии за оценување на знаењето на учениците со ПОП | Дефектолог<br>Стручни соработници<br>Наставници | Континуирано |
| **III. Подрачје: Работа со родители** | | |
| **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
| Вклучување на родителите во градење на стратегии за работење со нивните деца | Дефектолог<br>Стручни соработници<br>Родители | Континуирано |
| Редовно информирање на родителите за напредувањето на нивните деца | Родители<br>Наставници<br>Ученици | Континуирано |

*Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk*

| | | |
|---|---|---|
| Поттикнување и организирање присуството на родителите на учениците со ПОП во училиштето | Родители<br>Наставници<br>Ученици | Континуирано |
| Поврзување и информирање на родителите на децата со ПОП за нивните права, обврски и бенифиции кои можат да ги добијат и упатување до релевантни институции за помош | Дефектолог<br>Родители | Континуирано |
| Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите | Дефектолог<br>Родители | Континуирано |

| **IV . ПОдрачје: Соработка со локалната заедница и други институции** | | |
|---|---|---|
| **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
| Соработка со здравствени установи и институции во полето на раното откривање, дијагностиката и третманот на учениците со ПОП | Дефектолог | Континуирано |
| Обезбедување на подршка во воспоставување на соработка родител-институција и охрабрување на родителите | Дефектолог | Континуирано |
| Консултации со стручни лица од установите за добивање стручни насоки за реализација на одредени цели и задачи | Дефектолог | Континуирано |
| Соработка со стручните служби во училиштето, надлежните институции (МОН и БРО), меѓународни асоцијации и организации, невладиниот сектор,општината | Дефектолог | Континуирано |
| Соработка со Сојуз за дефектолози | Дефектолог | Континуирано |
| **V. Подрачје: Професионален развој и професионална соработка** | | |
| **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
| Посета на обуки, конференции кои ќе бидат предвидени во текот на учебната 2018/2019 година | Дефектолог | По потреба |
| Вршење на дисеминации на стручни активи на предметна и одделенска настава на различни теми кои се поврзани со учениците со посебни образовни потреби | Дефектолог | По потреба |
| **VI. Подрачје: Аналитичко истражувачка работа** | | |

| **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| Спроведува акциски истражувања за подобрување на наставата | Дефектолог<br>Стручна служба | По потреба |
| **VII. Подрачје: Училишна структура и организација** | | |
| **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
| Се грижи за документацијата и евиденцијата на учениците со ПОП | Дефектолог | Континуирано |
| Се грижи за соодветна вклученост на учениците со ПОП во активностите на ученичките заедници ( Им помага на ученичките заедници да ги прифатат учениците со ПОП) | Дефектолог | Континуирано |

Дефектолог- стручен соработник
Татјана Багеска

29.08.2019 година

**ПРИЛОГ БР. 22.5.**

| **ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирана програмска активност** | **Цели** | **Време на Реализација** | **Методи и постапки за реализација** | **Очекувани исходи и ефекти** |
| Водење на библиотекарска секција по однапред подготвена програма | Поттикнување интерес на учениците во библиотечното работење | Цела учебна година, два часа неделно | Учениците доаѓаат во библиотеката каде што се држат часовите | Оспособени ученици за работа во училишната библиотека |
| Создавање навики кај учениците за самостоен избор на книги и поттикнување на интерес за читање | Поголема заинтересираност и поголема љубов кон книгата | Цела учебна Година | Учениците се оспособуваат сами да ги пронаоѓаат книгите и се запознаваат со начинот на сместување | Учениците самостојно ги пронаоѓаат книгите |
| Внимателно чување, ракување и заштита на книгите | Зголемување на свеста за чувањена книгата | Септември | Ученици од 1-во одд организирано доаѓаат во библиотеката каде им се кажува како се постапува со книгата | Книгите се во добра состојба |
| Упатување на користење на речници, енциклопедии, лексикони | Запознавање со друг вид книги и нивно користење | Цела учебна Година | На учениците практично им се објаснува користење на речници, енциклопедии, лексикони | Самостојно користење на овој вид литература |
| Издавање на книги и разговор за прочитаните книги | Да се прочита и разбере книгата | Цела учебна Година | Се разговара за најинтересните делови од прочитаното | Учениците ја прочитале книгата |
| Чување на Библиотечниот фонд книги, списанија, аудио-визуелен и Документарен материјал | Побогата и разновидна библиотека | Цела учебна Година | Потпечатување, инвентирање и обработка на нови книги по УДК систем, правилно сместување, водење на | Библиотечниот фонд не се осипува |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | азбучни каталози | |
| Збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература, нагледни средства по однапред подготвена програма | Поседување на потребна литература за учениците и наставниците | Цела учебна година по потреба | Анкетирање на наставниците за набавка на потребна литература | Набавка на нови книги и нагледни средства |
| Работа со бесплатни учебници по однапред подготвена програма | Снабденост на чениците со учебници | Септември | Консултација со наставници, контактирање со МОН, примање и делење на учебници | Подобри резултати во учењето |
| Информирање за ново набавени и невратени книги | Зголемување и одржување на кжниот фонд | Цела учебна година по потреба | Изготвување на извештаи за состојбата | Книжниот фонд се зголемува |
| Медиумско претставување на училиштето по однапред подготвена програма и евиденција за активностите | Презентација на успесите на учениците и училиштето преку медиумите | Цела учебна Година | Се изготвува програма и за секоја реализирана активност се води евиденција | Активностите на учениците и наставниците се доволно транспарентни |
| Посета на Саемот на книгата | Презентација и популаризација на книгата | Октомври | Се организира превоз за учениците | Добар одзив на учениците за одбележување на месецот на книгата |
| Следење на стручна литература и учество на семинари | Усовршување во работата | Цела учебна година по потреба | Индивидуална употреба на стручна литература и посета на семинари | Примена на новини во работата |

29. 08.2019 година
Скопје

**Библиотекар**:
Цвета Туневска

**ПРИЛОГ БР. 22. 6.**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Во учебната 2019/2020 година , Училишниот одбор работеше согласно Законски овластувања што ги има и тоа:
Законски овластувања што ги поседува Училишниот одбор се:

- донесување Статутарни промени на ОУ (основното училиште)
- предлага Годишна програма за работа и извештај за работата на ОУ до советот на општината;
- предлага финанскиски план до основачот
- предлага завршна сметка до основачот
- објавува јавен оглас за избор на директор
- врши интервју со кандидатите за директор
- му предлага на градоначалникот на општината два кандидати, од пријавените кандидати на објавениот оглас, за избор на директор
- дава мислење до директорот за избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во ОУ
- одлучува по жалбите на учениците, родителите, однодно старателите на учениците
- разгледува и други прашања утврдени со статутот на ОУ

Во учебната 2019/2020 година , училишниот одбор планира реализација на следните содржини и активности:

| Ред.бр. | Содржини | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | 1.Донесување на Годишната програма за работа на Училишниот одбор за 2019/2020<br>2.Донесување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020<br>3.Донесување на Развојна програма за работа на училиштето 2019-2023<br>3.Формирање стручен тим за подготовка на програмата за екскурзии и други слободни активности за учебна 2019/2020 година | 08.2019 |
| 2. | 1. Усвојување на Предлог финансиски план за 2019 година<br>2. Давање на согласност за програмите за екскурзии и други слободни активности<br>3. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за прибирање на понуди за екскурзии | 09.2019 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | 1. Разгледување на Записникот од Комисијата за прибирање понуди за екскурзии и други слободни активности и донесување на Одлука за избор на најповолен понудувач | 10.2019 |
| 4. | 1. Формирање на пописни комисии | 12.2019 |
| 5. | 1. Разгледување и предлагање Извештај за работа на училиштето во првото полугодие во учебната 2019/2020 година<br>2. Донесување на одлука за благајнички максимум за 2019/2020 година | 01.2020 |
| 6. | 1. Разгледување и усвојување на Извештајот за пописот за 2019 година<br>2. Предлог – завршна сметка до основачот | 02.2020 |
| 7. | 1. Донесување на Одлука на издавање на училишниот простор – филскултурна сала и училници за курсеви по странски јазици<br>2. Донесување на Одлука за издавање на училишниот простор: фискултурна сала и училници | 05.2020 |
| 8. | 1. Разгледување и предлагање Извештај за работата на училиштето во учебната 2019/2020 година<br>2. Разгледување и усвојување на Извештајот за реализација на екскурзии и други слободни активности<br>3. Разгледување и усвојување на Самоевалуацијата од работата на училиштето – 20120 | 06.2020 |
| 9. | Разгледување и одлучување по приговори и жалби од вработените | Континуирано во текот на целата учебна година |
| 10. | Разгледување и одлучување по приговори и жалби од учениците и родителите (старателите) | Континуирано во текот на целата учебна година |
| 11. | Координирање на активности за обезбедување на дополнителни средства | По потреба во текот на целата учебна година |
| 12. | Други активности по барање на основачот | Континуирано |

29.08.2019 година
Скопје

**Претседател на Училишен одбор**
**Весна Бојаџиева**

**ПРИЛОГ БР. 22. 7**

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ во учебната 2019/2020 година

Согласно Законот за основно образование во ООУ „Кочо Рацин " , Скопје, работи Совет на родители, во состав од родители на учениците кои учат во училиштето.

### ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

- Да ги согледа вистинските потреби, состојби и проблеми во училиштето.
- Преку доброволно (волонтерско) ангажирање да се вклучи во реализацијата на различни училишни активности од следните подрачја од работата на училиштето: настава, воннаставни активности, грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната заедница и да даде свој придонес според можностите, способностите и интересите.
- Да им помага на наставниците во работата со учениците во училницата и во училиштето.
- Да организира и даде поддршка на различни училишни акции, манифестации, училишни презентации, кампањи и слично.
- Активно да учествува во решавањето на различни проблеми во училиштето.
- Да учествува во донесувањето на важни одлуки во училиштето. На тој начин советот на родители ќе придонесе за: унапредување на работата на училиштето, подобрување на резултатите кај учениците и афирмирање на училиштето во локалната заедница, а тогаш децата училиштето ќе го чувствуваат како свој втор дом.

Во текот на учебната 2019/20 година, Советот на родители ќе одржува состаноци секој месец , на кои ќе се изнесуваат предлозите на родителите за унапредување на воспитно-образовната работа и одржувањето на училиштето.

| Месец | Содржина | Реализатор |
|---|---|---|
| VIII | • Разгледување успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од учебната 2018/2019 година<br>• Разгледување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година<br>• Разгледување на Развојната програма за работа на училиштето за период 2019/2020 | Директор<br>Стручни соработници<br>Претседател на Совет на родители<br>Директор<br>Стручни соработници |

| | | |
|---|---|---|
| | • Запознавање со програмите за екскурзии и други слободни ученички активности во учебната 2019/2020 година и давање мислење за истите<br>• Избор на три члена од редот на Советот на родители за во Комисија за спроведување на Екскурзите<br>• Информирање за реализирани активности во текот на летниот период<br>• Разно | Членови на Советот на родители |
| XI | • Разгледување успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од првото тромесечие во учебната 2019/2020 година<br>• Известување за тековните активности во училиштето<br>• Давање предлози и иницијативи за унапредување на соработка на родителите со наставниците | Директор<br>Стручни соработници<br>Претседател на Совет на родители<br>Членови на Советот на родители |
| II | • Запознавање со Полугодишниот извештај од работата на училиштето на крајот од првото полугодие во учебната 2019/2020година<br>• Разговори за состојби со учениците со родителите и стручната служба | Директор<br>Стручни соработници<br>Претседател на Совет на родители<br>Членови на Советот на родители |
| IV | • Запознавање со Полугодишниот извештај од работата на училиштето во третото тромесечие во учебната 2019/2020 година | Директор<br>Стручни соработници<br>Претседател на Совет на родители<br>Членови на Советот на родители |
| V | • Разгледување предлози за работа на Советот на родители за следната учебна 2020/2021 година | Директор<br>Стручни соработници<br>Претседател на Совет на родители<br>Членови на Советот на родители |
| VI | • Запознавање со Годишниот извештај од работата на училиштето во учебната 2019/2020 година<br>• Разгледување на Извештајот од реализираните екскурзии во учебната 2019/2020 година<br>• Запознавање со Самоевалуацијата од работата на училиштето | Директор<br>Стручни соработници<br>Претседател на Совет на родители<br>Членови на Советот на родители |

* Доколку се укаже потреба , може да се одржат повеќе состаноци на Советот на родители отколку што е планирано.

29.08.2019 година

Скопје

**ПРИЛОГ БР. 22. 8**

**План и програма за работа на Наставничкиот совет во учебната 2019/2020 година**

| Време на реализација | Содржини / активности | Носители соработници |
|---|---|---|
| Август 2019 | 1. Разгледување и усвојување на записникот од претходниот Наставнички совет;<br>2. Информирање за организација на наставата во учебната 2019/20 година;<br>3. Формирање на Комисија за распределба на учениците во одделенска настава во учебната 2019/20 година;<br>4. Распределби на часови и класни раководства за предметна настава во учебната 2019/20 година;<br>5. Информација за санација и реконструкција на двор, спортско игралиште, сала за физичко и здравствено образование и дел од училишната зграда;<br>6. Изготвување и доставување на програма за екскурзии – излети и настава во природа (за сите ученици, и учениците од 3, 5, 6 и 9 одделение)<br>7. Програма за прием на првачиња | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| Август 2019 | 1. Разгледување и усвојување на записникот од претходниот Наставнички совет;<br>2. Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2018/2019 година, програмите за работа на директорот, стручните соработници, училишниот одбор, советот на родители, наставнички совет<br>3. Разгледување и усвојување на Развојната програма за работа на училиштето во учебната 2018/2019 година<br>4. Разгледување на Програмите за екскурзии изготвени од страна на Стручниот тим за екскурзии и други слободни активности<br>5. Организација на работа во одделенска и предметна настава, паралелки, распоред на училници и кабинети<br>6. Информирање од страна на комисијата за распределба на учениците<br>7. Разно | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |

| | | |
|---|---|---|
| Ноември 2019 | 1. Разгледување и утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците во првото тромесечие од учебната 2019/2020<br>2.Реализација на наставниот план и програма<br>3.Подготовки за одбележување на Патрониот празник на училиштето | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| Декември 2019 | 1.Имформирање за активностите по повод Патрон празник на училиштето – Свечено одбележување 75 години од работата на училиштето<br>2.Информирање за задолженија по наставници | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| Јануари 2020 | 1.Разгледување и утврдување на успехот ,поведението и редовноста на учениците во првото полугодие од учебната 2019/2020 година. | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| Јануари 2020 | 1.Давање на мислење за Извештајот од работата на училиштето во првото полугодие од учебната 2019/2020 година | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| Април 2020 | 1.Разгледување и утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците во трето тромесечие од учебната 2019/2020<br>2.Реализација на наставниот план и програма | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| Мај 2020 | 1.Запознавање со критериумите за вреднување работата на наставниците и стручните соработници во училиштето за добивање на награда од страна на Општина Центар<br>2. Запознавање со критериумите за избор на најдобар ученик во училиштето за добивање на награда од страна на Општина Центар | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| Мај 2020 | 1.Избор на наставници и ученик за добивање на награда од страна на Општина Центар | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |

Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk

| | | |
|---|---|---|
| Јуни 2020 | 1.Разгледување и утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците од девето одделение на крајот од учебната2019/2020<br>2.Реализација на наставниот план и програма<br>3.Усвојување на предлог ученици за Рациновци и Првенец на генерацијата 2011/2020 година | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| Јуни 2020 | 1.Разгледување и утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците од прво до осмо одделение на крајот од учебната 2019/2020<br>2.Реализација на наставниот план и програма | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| Јуни 2020 | 1.Давање на мислење за Годишниот извештај од работата на училиштето во учебната 2019/2020 година,<br>2.Организирање на дополнителна настава и поправни испити | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |

29.08.2019 година
Скопје

Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk

**ПРИЛОГ БР. 22. 9**

## ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ АКТИВИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### 22.9.1Програма за работа на стручниот актив на математика, природна група предмети и информатика Во учебната 2019/2020 година

| Реден број | Планирани активности | Време на реализирање | Учесници | Цел | Методи |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Состанок на активот | Август / Септември | Сите членови на активот | Разгледување и усвојување на програмата за работа на активот за учебната 2019/2020 година, формирање на база на податоци за активот во електронска форма и размена на искуства за изработка на годишните и тематските планирања со имплементирање на еко – стандардите во истите. | Групна |
| 2 | Организизрање на одредени активности за подобрување на редовноста и активноста на учениците во наставата | Континуирано | Сите членови на активот | Изработка на проекти и практично имплементирање на истите од страна на учениците<br>Поттикнување на соработка помеѓу талентираните ученици и учениците со послаб успех<br>Користење на современи наставни методи во реализирањето на наставните содржини | Групна |
| 3 | Имплементирање на кембриџ програмата во наставата | Октомври | Сите членови на активот | Консултации за методите на работа по кембриџ програма. Разгледување на потребни нагледни средства и помагала за | Групна |

Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | успешно реализирање на часовите | |
| 4 | Анализа на постигнатиот успех на учениците после првото тримесечие | Ноември | Сите членови на активот | Разгледување на успехот на учениците во првото тримесечие во учебната 2019/2020 година, определување на термини на наставиците за консултации со учениците и организирање на дополнителна настава со учениците кои покажале послаби резултати. | Групна |
| 5 | Насоки за работа со талентирани и надарени ученици | Декември | Сите членови на активот | Избирање и распределба на талентираните ученици за учество на натпревари по определени наставни предмети преку интерни тестирања на учениците . | Групна |
| 6 | Анализа на постигнатите цели по кембриџ програмата во првото полугодие | Декември | Сите членови на активот | Разгледување на постигнатите цели во наставата по кембриџ програмата. Анализа на јаките и слабита страни, како да се надминат слабите старани (потешкотии) | Групна |
| 7 | Анализа на постихнатиот успех на учениците по завршување на првото полугодие | Јануари | Сите членови на активот | Разгледување на успехот на учениците во првото полугодие во учебната 2019/2020 година , како и навремено преземање на мерки за подобрување на успехот на учениците кои не постигнуваат задоволителни резултати. | Групна |
| 8 | Посета на Природно математичкиот факултет Скопје | Февруари | Сите членови на активот (по можност) | Запознавање на учениците со високообразовна институција во која се изучуваат природната група на предмети. | Групна Истражувачка |
| 9 | Насоки за работа со талентирани и надарени ученици и подготовки за натпревари | Март | Сите членови на активот | Активности во врска со учество на натпреварите по одделни наставни предмети | Групна |
| | Анализа на постигнатиот успех на | Април | Сите членови на | Разгледување на успехот на ученисите во | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | учениците по третото тримесечие | | активот | третото тримесечие во учебната 2019/2020 година , и мерки за подобрување на успехот во наредниот период.<br>Посета на саемот на информатичка технологија | Групна |
| 11 | Анализа на постигнатите резултати на натпреварите од страна на учениците | Мај | Сите членови на активот | Информации за резултатите на учениците во врска со нивното учество во регионалните натпревари по наставните предмети и соодветно за пласманот на Државните натпревари | Групна |
| 12 | Анализа на постигнатиот успех на учениците на крајот од учебната година | Јуни | Сите членови на активот | Дефинирање на предлог мерки и начини за подобрување на успехот на учениците | Групна |
| 13 | Работа со талентирани ученици | Континуирано | Сите членови на активот | Развивање на способности за истражување, анализа, синтеза и обработка на податоци. Интерес за професионална ориентација. Избор на ученици за натпревари | Групна<br>Индивидуална |

29.08.2019 година
Скопје

## 22.9.2 Програма за работа на општествено-јазичен актив во учебната 2019/2020 година

| Р.бр | Планирани активности | Време на реализација | Учесници | Методи |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1. Усвојување на програма за работа на Општествено-јазичниот актив.<br>2. Изработка на годишни и тематски распределенија<br>3. Договор околу планирањето и вметнување на оценувањето во глобалните и тематските Планирања(критериуми и стандарди)<br>4. Подготовка за првиот училишен ден-прием на првачиња | Август / Септември | Сите членови на активот | Групна |
| 2 | 1. Договори околу одржување на дополнителна и додатна настава<br>2. Дефинирање формат за дневна подготовка<br>3. Изработка на паноа и активности за одбележување значајни денови и празници(8 Септември)<br>4. Тековни работи | Септември | Сите членови на активот | Групна |
| 3 | 1. Разгледување на стандарди за оценување<br>2. Програма за меѓусебно набљудување на часови<br>3. Ажурирање на педагошка евиденција и континуирана подготовка за Интегрална инспекција<br>4. Предлагање активности за Патрон празникот<br>4. Изработка на паноа и активности за одбележување значајни денови и празници(11 Октомври,23 Октомври,24 Октомври,Прием на првачиња во детска | Октомври | Сите членови на активот | Групна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | организација) | | | |
| 4 | 1. Организирање на натпревари на ниво на училиште : квизови, презентации, јавно говорење, новински статии, конкурси за лични творби, поеми, раскази, есеи и припреми.<br>2. Подготовка на активностите за Патрон празникот<br>3. Изработка на паноа и активности за одбележување значајни денови и празници(13 Ноември) | Ноември | Сите членови на активот | Групна |
| 5 | 1. Меѓусебно набљудување на часови – искуства и повратни информации<br>2. Размена на искуства од примена на различни методи во оценувањето (формативно и сумативно)<br>3. Подготовка на активностите за Патрон празникот<br>4. Изработка на паноа и активности за одбележување значајни денови и празници(8 Декември) | Декември | Сите членови на активот | Групна |
| 6 | 1. Анализа на постигањата на учениците, критериуми и стандарди на оценување<br>2. Рефлексија на различни методи во оценувањето (формативно и сумативно)<br>3. Работилница на тема „Мотивирање на учениците“, реализатор: психолошко-педагошка служба | Јануари | Сите членови на активот | Групна |
| 7 | 1. Разгледување на методите и инструментите за формативно оценување<br>2. Меѓусебно набљудување на часови – искуства и повратни информации<br>3. Методичка работилница<br>4. Изработка на паноа и активности за одбележување значајни денови и празници(4 Февруари) | Февруари | Сите членови на активот | Групна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | 1. Меѓусебно набљудување на часови – искуства и повратни информации<br>2. Информатичка и комуникациска технологија во наставата, размена на искуства<br>3. Разгледување примери на оценување (формативно и сумативно)<br>4. Изработка на паноа и активности за одбележување значајни денови и празници(8 Март) | Март | Сите членови на активот | Групна |
| 9 | 1. Предлагање и организирање активности за Денот на образование<br>2. Предлагање и организирање активности за Денот на Европа и Денот на планетата Земја<br>3. Изработка на паноа и активности за одбележување значајни денови и празници(22 Април) | Април | Сите членови на активот | Групна |
| 10 | 1. Анализа на постигањата на учениците, критериуми и стандарди на оценување<br>2. Информации за резултатите на учениците од учество на натпревари.<br>3. Анализа и рефлексија на меѓусебно посетените часови во текот на годината<br>4. Изработка на паноа и активности за одбележување значајни денови и празници(1Мај, 9 Мај, 24 Мај) | Мај | Сите членови на активот | Групна |
| 11 | 1. Разгледување на постигањата на учениците во учебната 2019/2020 година.<br>2. Анализа на работата на Активот | Јуни | Сите членови на активот | Групна |

29.08.2019 година, Скопје

## 22.9.3 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧЕН АКТИВ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА во учебната 2019/2020 година

Стручниот актив се занимаваше со планирање и изготвување на програма на воспитно-образовната работа, подготвување и реализација на стручно усовршување на наставникот, мерки за унапредување на работата, изработка на задачи од објективен аспект, пратење и анализа на користените објективни постапки и инструменти како и мерење на постигнувањата и вреднувањето на учениците, пратење на иновациите, планирање на набавка на наставни средства и помагала со цел за современа и квалитетна настава.

| Содржина | Реализатори | Време на реализација | Активности |
|---|---|---|---|
| • Изготвување на Годишна програма за работа на активот и нејзино усвојување.<br>• Разгледување и избирање на приоритетни компентенции.<br>• Избор на одговорен наставник на активот по паралелки<br>• Разгледување на наставните планови и програми<br>• Организирање активности по повод Свечен прием на првачиња | Претседател на стручен актив<br>Сите наставници од одделенска настава заедно со Стручните соработници | Август | Тимска работа и координираност во работата<br>Соработка и планирање за успешна реализација на програмата |
| • Разгледување и договор за планирање на наставните планови и програми и упатства за наставата за I, II, III, IV и V одделение по Природни науки и Матеметика –Cambridge<br>• Планирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми по предметите, наставните содржини и часовите по соодветното | Сите наставници од одделенска настава (прво, второ, трето, четврто и петто одделение) | Август | Тимска работа и координираност во работата<br>Соработка и планирање за успешна реализација на програмата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| одделение<br>• Договор за годишен план на часови со примена ИКТ<br>• Договор за годишен план за примена на МИО<br>• Договор за годишен план за слободни ученички активности<br>• Договор за годишен план за домашни задачи<br>• Изработка на брошура за активности во паралелката за тековната учебната година<br>• Навремено пополнување на педагошки картон и професионално досие | | | |
| • Да се детектираат потребите на наставниците за професионален развој<br>• Да се изедначи методологијата за водење на педагошка евиденција на училиштето<br>• Да се подготват инструменти за прибирање на податоци за работата на слободните ученички активности, натпревари за учениците во текот на оваа учебна година<br>• Планови на професионален развој на наставниците | Наставници,<br>Стручни соработници | Септември | Презентација на годишната програма.<br>Споделување на информации од одржани советувања и семинари.<br>Подготовки за прием на првачињата во „Детската организација“.<br>Договор за собирање на податоци за работата на слободните ученички активности, натпревари и др.<br>Дискусија и размена на искуства за прибирање на докази и инструменти за следење на учениците.<br>Разгледување и избирање на приоритетни компетенции |
| • Да се усоврши планирањето, напредувањето и оценувањето на успехот на учениците;<br>• Да се разгледаат можностите за | Одделенски наставници<br>директор<br>Стручни соработници | Октомври | Споделување на искуства од водење на портфолио на учениците.<br>Примена на формативнот оценување во одделенска настава. |

*Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk*

| | | | |
|---|---|---|---|
| реализација на планираните посети и набљуденија | | | Одредување на термини и план за посети и набљуденија.<br>Водење евиденција за број на часови во пишаниот дневник согласно Калаедарот за работа |
| • Да се утврди успехот и поведението во првото тримесечие;<br>• Да се подобри успехот на учениците;<br>• Да се воспостави соработка со стручната служба;<br>• Работилница-<br>• Формирање на комисија за организирање на училишни натпревари | Одделенски наставници<br>директор<br>Стручни соработници | Ноември | Анализа на постигнатиот успех на учениците во првото тримесечие.<br>Предлози за подобрување на истите<br>Соработка на наставниците и педагошката служба со ученици кои имаат потешкотии во совладување на знаењата и превземање мерки за подобрување на нивниот успех.<br>Водење на ученички портфолија<br>Активности за подготовка на учениците за натпревари |
| • Подготовка активности по повод Патрониот празник на училиштето | Стручни соработници<br>Сите наставници | ноември/ декември | Учество на учениците во свечената приредба по повод патрон празник на училиштето |
| • Да се разгледаат потребите за професионална усовршување на наставниците<br>• Работилница - | Наставници<br>Стручни соработници | јануари | Разгледување на правилникот за оценување на наставниците.<br>Интерни обуки за наставниците за примена на нови начини за користење на современата технологија во наставата.<br>Анализа на работата на слободните ученички активности во текот на првото полугодие во учебната година |
| • Да се разгледаат потребите за професионална усовршување на наставниците | Стручни соработници<br>Директор<br>Наставници | февруари | Пренесување на нови стекнати сознанија од искуствата во наставата и од посетени семенари. |

*Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk*

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Формирање на комисија за организирање на училишни натпревари |
| • Да се подобри квалитетот на наставата;<br>• Да се подобри тимската работа;<br>• Да се согледа употребата на современи нагледни средства;Примена на современи техники на работа во наставата | Стручни соработници<br>Директор<br>Наставници | март | Анализа на реализација и редовност на дополнителната настава и додатната настава.<br>Активности по повод Денот на екологијата:<br>Формирање на ЕКО-патрола,<br>Активности за подготовка на учениците за натпревари.<br>Подготовки за Велигденскиот базар |
| • Организирање и подготвување на активности по повод Денот на Европа<br>• Работилница - | Стручни соработници<br>Сите наставници | април | Учество на учениците преку изработка на знамиња на 4 земји членки на ЕУ и ритмичка точка со ирски танц |
| • Информации за резултатите на учениците од учество на натпревари. | Сите наставници | мај | Тимска работа и координираност |
| • Да се евалуира работата на одделенскиот актив | Стручни соработници<br>Директор<br>Претседател на стручен актив | јуни | Изготвување на извештај од работата на стручниот актив во текот на учебната година. |

29.08.2019 година
Скопје

**ПРИЛОГ БР. 22. 10.**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ХОР

Целта на училишниот хор е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за колективен однос во заедничка презентација на вокални дела во училиштето и надвор од него.

**Посебни цели :**

- Да создава навика за редовност и точност ;
- Да се развиваат творечки способности , етички и естетски вредности;
- Да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- Да развива способност за индивидуално вокално интерпретирање;
- Да ги почитува дадените упаства на диригентот-менторот;
- Да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- Да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- Да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- Да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и друго);
- Да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- Да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културите на другите народи.

**ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**

**Структуирање на содржините**

| **Дела за обработка** | **Конкретни цели**<br>Ученикот: | **Дидактички насоки**<br>Наставникот: | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| Аудиција | -да е музикален<br>-да има чист глас<br>-да поседува соодветен тонски распон на гласот<br>-да демонстрира една песна по свој избор | - организирање на целосна аудиција<br>- распејување<br>- колективно пеење<br>-поединечно преслушување<br>- одредување на дијапазон(различни интервали-до дуодецима)<br>- реаудиција на членовите од хорот | - септември<br>- во текот на цела учебна година |
| Основи на вокалната техника | - да демонстрира правилна положба на телото за време на пеењето<br>-да дише правилно<br>-да демонстрира вежби за дишење<br>- да демонстрира распејување | -објаснува за основните елементи на вокалната техника<br>-објаснува вежби за распејување;<br>-објаснува за значењето на вокалната техника и функционирање на фоноторните органи;<br>-објаснува за внатрешен слух;<br>-дискутира за пеењето кое не е само физиолошка,туку и интелектуална дејност за која е потребно емоционално доживување на тоновите,за да можат да допрат до свеста и душата на слушателот. | -септември<br>-октомври<br>-во текот на цела учебна година |
| ,,Цинцири минцири”- Драган Шуплевски | -да го објасни текстот на песната<br>-да дискутира за карактерот на композицијата<br>-демонстрира вокална интерпретација | -објаснува за карактерот на песната<br>-објаснува за начинот на изведба на композицијата<br>-работи одвоено по гласови при разработка на композицијата | -октомври |
| Композиции за патронен | - да ја идентификува композицијата<br>- да дискутира за карактерот на | - објаснува за изборот на композициите;<br>- го анализира текстот на композициите; | -ноември<br>-декември |

Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| празник | композиција | - објаснува за карактерот на песните и начинот на исполнување | |
| ,,Тамбурче”- Драган Шуплевски | -да го објасни текстот на песната<br>-дискутира за карактерот на композицијата<br>-демонстрира правилна вокална интерпретација | -објаснува за начинот на исполнување на композицијата;<br>-дискутира за емоционално доживување | -јануари<br>-февруари |
| Композиции за натпревар | -дискутира за карактерот на композицијата<br>-демонстрира правилна вокална интерпретација | -објаснува за композицијата и композиторот;<br>-анализа на текст и карактер;<br>-објаснува за начин на изведба | -март<br>-април |
| Копмпозиции по слободен избор на учениците | -дискутира за карактерот на песната<br>-демонстрира правилна вокална интерпретација | -ја објаснува содржината и карактерот на песната;<br>-објаснува за начин на изведба | -мај<br>-јуни |

**Забелешка:** во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработуваат и други композиции,зависно од интересот и желбите на учениците.

**Организација на хорската настава**

Часовите по ХОР ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е 3 часа седмично( двогласни и тригласни композиции). Во училишниот ХОР можат да членуваат ученици од VI- IX одд.,според интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде пред или по редовната настава(во зависност од смените).Поради специфичноста на активностите, времето на реализација ќе биде организирано и спрема можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето, хорските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и за потребите на локалната средина, и пошироко за разни пригоди.

**Наставни методи и активности**

Во остварувањето на целите на училишниот хор ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, фронтална, групна,индивидуална и друга. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа,демонстративна и друго Во работата ќе

*Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk*

доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку вакална интерпретација. Ќе се соработува со разни културно-уметнички институции со цел да се презентира хорска интерпретација.

**Просторни и материјално – технички услови**

Наставата по ХОР ќе се реализира во наменски кабинет по Музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

**Настапи**

Училишниот хор ќе настапува на сите културно – уметнички манифестации предвидени во Годишната програма на училиштето. Исто така ќе учествува и на хорски и оркестарски смотри-натпревари организирани од БРО.

29.08.2019 година
Скопје

**Одговорен наставник**:
Наташа Д. Митрова

**ПРИЛОГ БР. 22. 11.**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОРКЕСТАР

**Целта** на училишниот хор е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес,определба и сензибилитет.Учениците да се оспособуваат за колективен однос во заедничка презентација на вокални дела во училиштето и надвор од него.

**Посебни цели :**

- Да создава навика за редовност и точност
- Да се развиваат творечки способности , етички и естетски вредности
- Да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции
- Да развива способност за индивидуално вокално интерпретирање
- Да ги почитува дадените упаства на диригентот-менторот
- Да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката
- Да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа
- Да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект
- Да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и друго)
- Да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата
- Да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културите на другите народи

**ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**

**Структуирање на содржините**

| **Дела за обработка** | **Конкретни цели**<br>Ученик | **Дидактички насоки**<br>Наставник | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| Аудиција | -да е музикален<br>-да има чувство за ритам<br>-да поседува способност за инструментална интерпретација<br>-да демонстрира една песна по свој избор<br>- да воочува времетраење на ноти и паузи<br>- да пее мелодиски вежби | - организира целосна аудиција<br>- проверува знаења од областа ма музичката писменост<br>- презентира ритмички вежби<br>- презентира мелодиски вежби | - септември<br>- во текот на цела учебна година |

| **Дела за обработка** | **Конкретни цели**<br>Ученик | **Дидактички насоки**<br>Наставник | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| Аудиција | -да е музикален<br>-да има чувство за ритам<br>-да поседува способност за инструментална интерпретација<br>-да демонстрира една песна по свој избор<br>- да воочува времетраење на ноти и паузи<br>- да пее мелодиски вежби | - организира целосна аудиција<br>- проверува знаења од областа ма музичката писменост<br>- презентира ритмички вежби<br>- презентира мелодиски вежби | - септември<br>- во текот на цела учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Запознавање со ДМИ | - да демонстрира правилна положба на телото за време на свирењето<br>- да дише правилно<br>- да демонстрира вежби за дишење<br>- да ја знае поделбата на ДМИ (ритмички и мелодиски)<br>- да ги препознава по нивната звучност | - објаснува за правилна положба на телото за време на свирењето<br>- објаснува за правилно дишење<br>- презентира ДМИ<br>- објаснува за поделбата на ДМИ (ритмички и мелодиски)<br>- демонстрира снимки со ДМИ<br>- демонстрира слики со ДМИ | -септември<br>-октомври<br>-во текот на цела учебна година |
| Видови на блок флејти:<br>- сопранино<br>- сопран<br>- алт<br>- бас | - препознава видови на блок флејти<br>- идентификува сопран флејта<br>- учи за начинот на чување и одржување на блок флејтата<br>- демонстрира вежби за секој тон (до,ре,ми,фа,сол,ла,си,до2)<br>- дискутира за формата на композицијата | - објаснува за блок флејтите<br>- објаснува за блок флејта сопран<br>- објаснува како се чува и одржува блок флејтата<br>- демонстрира вежби за секој тон<br>- објаснува за формата на композицијата | - октомври<br>- ноември |
| Композиции за патронен празник | – - да демонстрира правилна интерпретација<br>– - индивидуална и групна презентација | - објаснува за начин на изведба<br>- демонстрација интерпретација на композициите | - ноември<br>- декември |
| Канони | - да демонстрира правилна интерпретација на канонот | - објаснува за канон и начинот на изведба | - јануари<br>- февруари |
| Композиции за натпревар | – - да демонстрира правилна интерпретација<br>– - индивидуална и групна презентација | - објаснува за карактерот на композициите и начинот на нивна изведба | - март<br>- април |
| Народни песни | - дискутира за ритамот на песните<br>- индивидуално демонстрира<br>- групно демонстрира | - објаснува за народните песни<br>- објаснува за ритамот на песните<br>- интерпретира народни песни | - мај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Копмпозици и по слободен избор на учениците | - да дискутира за карактерот на композицијата<br>– да демонстрира правилна интерпретација<br>– индивидуална и групна презентација | - објаснува за карактерот на композицијата<br>- објаснува за начинот на изведба | - јуни |

**Забелешка:** во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработуваат и други композиции,зависно од интересот и желбите на учениците.

**Организација на хорската настава**

Часовите по оркестар ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е 3 часа седмично( двогласни и тригласни композиции). Во училишниот оркестар можат да членуваат ученици од VI- IX одд.,според интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде пред или по редовната настава(во зависност од смените).Поради специфичноста на активностите, времето на реализација ќе биде организирано и спрема можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето, хорските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и за потребите на локалната средина, и пошироко за разни пригоди.

**Наставни методи и активности**

Во остварувањето на целите на училишниот хор ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, фронтална, групна,индивидуална и друга. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа,демонстративна и друго Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку вакална интерпретација. Ќе се соработува со разни културно-уметнички институции со цел да се презентира хорска интерпретација.

**Просторни и материјално – технички услови**

Наставата по оркестар ќе се реализира во наменски кабинет по Музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

**Настапи**

Училишниот хор ќе настапува на сите културно – уметнички манифестации предвидени во Годишната програма на училиштето. Исто така ќе учествува и на хорски и оркестарски смотри-натпревари организирани од БРО.

29.08.2019 година, Скопје

Одговорен наставник:
Наташа Д. Митрова

**ПРИЛОГ БР. 22. 12**

**Акциони планови за реализација на проекти во училиштето**

**22.12.1 ГЛОБАЛЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО УЧИЛИШТЕТО**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Работилници за животни вештини | Септември – јуни | Одделеснки раководители од I до IX одд. | Прирачник за ОЖВ | Разговор, Игровни активности, демонстрација Играње улоги | Дружење и почитување на меѓусебните разлики |
| Запознавање со традициите, културата и верските празници на различни социо – културни средини | Октомври | Билјана Денкова Ученици од VI-IX | Енциклопедии, интервју, интернет | Истражување | Поттикнување на чувства за меѓусебно почитување |
| Запознавање на танци и ора од различни социо – културни средини | Ноември | Одделеснки раководители и ученици од IV одд. | CD, ингтернет, инструменти | Демонстативен, Игровен | Поттикнување на чувства за меѓусебно почитување |
| Запознавање и афирмација на ромската култура | Декември | Одделенски наставници и ученици од I I до V I I одд. | CD, ингтернет, инструменти | Разговор, практична работа, Демонстативен, Игровен | Развивање на чувство на припадност |

Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk


| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање и афирмација на албанска култура | Февруари | Одделенски наставници и ученици од I I I до V I одд. | CD, ингтернет, инструменти | Разговор, практична работа, Демонстативен, Игровен | Развивање на чувство на припадност |
| Запознавање и афирмација на турска култура | март | Одделенски наставници и ученици од I V до V I I I одд. | CD, ингтернет, инструменти | Разговор, практична работа, Демонстативен, Игровен | Развивање на чувство на припадност |
| Презентација на културите | Април | Училипшен МИО тим | Спортска сала | Изложба, демонстрација | Поттикнување на чувства за меѓусебно почитување |
| Квиз натпревар | Мај | Училипшен МИО тим Ученици од V до IX | Квиз | Квиз | Поттикнување на чувства за меѓусебно почитување |
| Евалуација на реализираните активности | Јуни | Училипшен МИО тим | Програма за ПМИО | Разговор | Увид на состојбата во рамките на Проектот |

29.08.2019 година
Скопје

**Училишен тим**: Билјана Денкова, Радмила Страшевска Ристиќ, Маргарита И.Павлова, Менка Трепалковска

**ПРИЛОГ БР. 22. 13.**

**ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ**

**ООУ Кочо Рацин Скопје Центар**

## 1.Опис и локација

Основното училиште Кочо Рацин Скопје Центар се наоѓа во централното градско станбено-деловно подрачје во Скопје,на ул.Тодор Александровбр.2, тел.бр.176-404, факс 3177-577,во подножјето на планината Водно.,катастарска парцела 1734.

Училиштето е опкружено на источна страна со ул.Тодор Александров, од западна страна граничи со соседни дворови,после кои се протега ул.Ацо Караманов.Од јужната страна на објектот се наоѓаат спортските терени на учикиштето и зад нив ул.Партение Зографски.

Од северната страна на објектот е лоцирана неправилната раскрсница на булевар Водњанска,а во продолжение се протега Државниот клинички центар.

Најблиските станбени објекти се лоцирани на растојание од околу 30м.

Градскиот плоштад е оддалечен на 2км,како и реката Вардар.

## 2.Технички опис на училиштето

Училиштето е тврда градба,изградено 1936/37 год.,доградувано 1956/57,во 1963год.се изградени спортските терени.Во училиштето има 25 училници и фискултурна сала.

Површината на објектот зафаќа 3622м2,а површината на дворот е 7180м2

Конструктивниот систем на објектот е различен согласно различните периоди на изградба и доградба т.е.:

-стар дел-комбиниран систем на градба масивен со скелетен армирано-бетонски конструктивен систем

-нов дел-скелетен армирано-бетонски конструктивен систем.

Во објектот ги има следните простории:

Приземје-стар дел 3 училници, 2 тоалети,3 помошни простории

Приземје нов дел север 6 училници,2 тоалети,

Приземје нов дел југ 3 училници,1 соба за техн.персонал,2 тоалети,пом.простор за технички пер.

1 Кат стар дел 7 училници,1 библиотека
1 Кат нов дел север 4 училници,1 наставничка канцеларија,2 канцеларии за раководство,2 тоалети
1Кат нов дел југ 3 училници,1 соба за админ.работи,2 тоалети,пом.просторија за технички пер.

Подрум нов дел север поранешна котларница,ходник,магацин
Подрум нов дел југ менза,кујна,пекара,магацин,архива
Сала за физичко воспитување 2 гардероби, 2 туш кабини, санитарен јазол, сала, 2 кабинет-канцеларија,магацин,помошна просторија за одд.настава.

Вкупен број на вработени 62.
Вкупен број на ученици околу 736.

Плафоните се изработени од летва,трска и малтер.Покривот е изведен со дрвена кровна конструкција,поставена над армирано-бетонска ситноребраста конструкција,дрвена кровна конструкција покриена со профилиран лим.Подовите се изведени со ПВЦ над пливачки под во училниците,додека во ходниците и скалишниот простор е задржан постоечкиот под од лиено терацо.Подот во фискултурна сала е паркет.Подовите во санитарните јазли се обложени со керамички плочки.Во наставничка канцеларија и канцелариите за административно работење на подовите се поставени теписони. Прозорците се алуминиумски.

Водоснабдувањето се врши преку градскиот водовод,отпадните води од санитарните јазли се собираат во собирната шахта,која е приклучена на најблиската шахта на градската канализациона мрежа,а отпадните атмосферски води од олуците во посебна собирна шахта.

Во објектот е изведено централно топловодно греење со градската мрежа на Топлификација-Скопје.Вентилацијата е природна-преку прозорците и вратите.

Во објектот има два типа електрична инсталација:стара и од проектот Комјутер за секое дете.Во разводните табли се вградени склопки за исклучување на напојувањето.

Осветлувањето се врши со флуо цевки и со светилки со вжарено влакно.

Училиштето има класична громобранската инсталација за која нема А-тест,9 ПП апарати С-9 и 5 хидранти.

Тодор Александров бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија / Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577, / e-mail: koco_racin@yahoo.com / www.kocoracin.edu.mk

**3.Проценка на загрозеност**

Според Законот за заштита и спасување во училишниот објект може да се јават следните вонредни ситуации:

***Земјотрес***

Иако објектот е во подножјето на Водно,карактеристично за скопската котлина е дека подземните слоеви се претежно составени од тресет,кој во допир со вода ја менува својата структура и зафатнина,со што се оформуваат многубројни подземни празнини и го зголемуваат ризикот за појава на земјотреси.Училиштето се наоѓа во Скопско трустно подрачје,кое според сеизмичките анализи се карактеризира со потреси со различни јачини,правци и времетраење,од кои некои се спуштаат длабоко во земјината кора,така што парчињата на расседите сочинуваат сеизмички блокови кои се повремено активни.Поради тоа на објектот му се заканува латентна опасност од земјотреси.

***Поплави***

Поставеноста на објектот овозможува мала можност за пополава од атмосферски води,и тоа во пролет и есен,и тоа во случај на екстремни врнежи,од урбанизираниот дел на подножјето на Водно,ког градската мрежа за атмосферски отпадни води не би задоволила со својот капацитет.Сепак треба да се напомене дека дворното место околу објектот е оформено со наклон и овозможува одведување на надојдените атмосферски води по пат на гравитација кон најниската точка(северниот дел на дворното место) и нејзино брзо одведување кон атмосферската канализација.

Хидролошките карти за регионот на скопското централно подрачје покажуваат дека освен реката Вардар,која протекува на 2км северно од објектот,нема друг водотек во близината.Притоа,реката Вардар по целото течение низ градот и предградието на Скопје е регулирана и со тоа е спречено нејзиното излевање.

